## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седмото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Ванчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никла Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели, Цветанка Иванова, Славица Станковска и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Значи на 31-та точка сме - Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

За збор по редослед е пријавен господинот Марјан Ѓорчев, а потоа нека се подготви пратеникот Тома Глигориевски.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа пратеници.

Јас во моето денешно обраќање до вас по точката за произнесување за тоа дали сме за предлогот на пратениците кои што предлагаат граѓаните на Република Македонија по пат на референдум да се изјаснат дали се за Законот за трансформација на електросистемот на Република Македонија, така наречен Електростопанство на Македонија веднаш ќе кажам дека сум за тоа граѓаните на Република Македонија да се изјаснат со референдумско изјаснување во врска со овој закон и во тој однос во текот на моето обраќање до вас ќе се обидам во три поглавја да објаснам зошто сметам дека така треба да биде.

Најнапред ќе говорам општо за референдумот, потоа за приватизацијата на државниот сектор воопшто со осврт за приватизацијата на ЕСМ и во третиот дел ќе се обидам да ги објаснам моите гледишта во врска со преструктуирањето на Електростопанство на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници.

Референдумското изјаснување сметам дека претставува основна врска меѓу цивилното општество и државниот апарат во Република Македонија, неотуѓиво право на граѓанинот на Република Македонија и право кое што мора да го почитува било кој политички систем кој што има тенденција да се нарекува демократски и притоа да ги почитува човековите права и граѓански слободи на граѓаните на Република Македонија. Неотуѓиво право на граѓаните на Република Македонија е да решаваат за прашања кои што се од витален интерес за државната заедница, Република Македонија и за локалните заедници во кои што тие живеат како општини и каде што ги остваруваат своите основни животни потреби.

Врз опстанокот на државната и локалната заедница влијаат многубројни политички административни и економски одлуки кои што по пат на посредна демократија ние репрезентите во македонскиот парламент со Законот кој што го донесовме за трансформација на ЕСМ носиме одлуки кои што имаат значење за животот на граѓаните на Република Македонија, па оттука почнувајќи од тоа дека референдумското изнаснување е основната врска помеѓу цивилното општество, а велиме секогаш дека се залагаме Македонија да го афирмира цивилното општество, цивилното општество се граѓаните на Република Македонија и не само во овој политички дел каде што тие имаат свои репрезенти во македонскиот парламент и во локалната самоуправа, туку пред се во оној неполитички дел како граѓани, како човечки индивидуи, како семејства кои што имаат карактер на егзистенцијална основаност.

Во таа насока ценам дека електричната енергија претставува претпоставка не само за развојот на Република Македонија, туку претпоставка за опстанокот и на луѓето како индивидуи и како семејства и од витален интерес. Ако земеме дека преку цената на Електричната енергија која што учествува во потрошувачката кошница, на која се детерминира просечната плата во Република Македонија и изнесува некаде околу 11 илјади денари, цената на електричната енергија учествува безмалку сса околу 20% во севкупниот месечен трошок на било кое македонско семејство. Има ли поголем витален интерес ако таа цена задира во основната економска основаност и опстанок и на човечката индивидуа и на било кое македонско семејство. Оттука ја изведувам тезата дека референдумското изјаснување по ова прашање задира во виталните економски интереси на граѓаните на Република Македонија и оттука е ниминовно тие по пат на директно решавање, сега овој пат не преку своите посредни репрезенти кои што се определија независно од дискусија колку што траеше повеќе часови во Македонскиот парламент за Законот како што е донесен. Меѓутоа, сега граѓаните на Република Македонија веќе се работи за нивни витален, животен, економски интерес кој што не е во политичкиот дел на донесените одлуки тогаш тој е во елементарниот, егзистенцијалниот дел на живеење во делот на она што значи економска основаност на семејствата, сметам дека референдумското изјаснување е нужно. Исто така, референдумското изјаснување е нужно и од политички апскет, затоа што граѓаните на Република Македонија имаат право, да учествуваат и директно во политичкиот систем на Република Македонија, а единствени инструменти за такво директно учество се на ниво на локалната заедница на општините, тоа се собири

на граѓани, граѓански иницијативи, на ниво на Парламентарната демократија во Република Македонија, тоа е единствено референдумското изјаснување на граѓаните, со исполнување би рекол на она што значи законска процедура за организирање референдумско изјаснување на граѓаните на Република Македонија. Тоа е во делот на моето размислување во врска со тоа зошто референдумското изјаснување е потребно и како неотуѓиво право на граѓаните е нужно, случајот на носење нивна директна одлука за трансформација на Електростопанство на Македонија.

Вториот дел во мојата дискусија се однесува на приватизацијата на државните претпријатија воопшто во Европа, Европската унија, во земјите од Европската унија, како правен, политички и економски систем кон кој што се стреми Република Македонија, генезата на тој процес, и како тој процес влијае врз носењето на одлуки во би рекол парламентарен демократски живот на државата Република Македонија. Приватизација на државните претпријатија во Европа, на тлото на Европа е промовирана во ваков облик како што ние сега се обидуваме да го трансформираме претпријатието, електроенергетскиот стопански систем на Република Македонија и пред тоа Телеком, некаде во почетокот, околу 80-тите години, во времето кога “челичната Леди”, премиерот на Голема Британија, Маргарет Тачер, донесе низа смели и одлучни решенија најнапред со продажбата на големата фирма Јагуар, потоа со Бритишеер ервејс, продолжувајќи со Бритиш-телеком за трансформација на државниот капитал во тие големи претпријатија во приватни раце, односно продажба на тие големи претпријатија и трансформација на државниот капитал по пат на она што се вели учество на државниот капитал во таа земја или приватниот капитал на мултинационал компании кои што влегоа во тие големи системи во Голема Британија. Тој пример набрзо го следеа Франција, Шведска и потоа речиси сите други земјиј во Западна Европа, но говорам дека тоа беше кон почетокот на 80-тите години и има своја длабока основаност во големата рецесија која што беше присутна во Европа во 80-тите години заради големата нафтена криза која беше во 80-тите години и имаше рефлексија во економската положба, и назадувањето, рецесијата, безработицата и сите оние проблеми кои што ги носеше економската рецесија во Голема Британија и сите високо развиени Западно европски земји. Меѓутоа, тие земји се нарекуваат, посебно Голема Британија која што беше иницијален двигател на овој процес во лулки на демократија и кај нив државата е многу стабилна. Државата е основа на се. Тие држави беа промотори и на она што значи развој на демократијата во модерна капиталистичка верзија на капиталистичкото општество на економската трансформација во 20 век и сега во 21 век. Оттука, ние не можеме тој пример да го увезуваме туку така, затоа што македонската држава сеуште е далеку од она што претставува Големо Британската, Францускатa, или Шведската држава, туку сосема спротивно се бори за свое опстојување, се бори за своето име, се бори за својот економски опстанок и токму затоа ние не можеме државното, националното богатство туку така да го отстрануваме на начин како што тоа го превеле високоразвиените Западно европски земји на почетокот на 80-тите години. Тие високоразвиени западно европски земји има свој регулаторни механизми, државни механизми, би рекол со векови како пред се давачките на државата, кое што е фундамент на тој капиталистички поредок и преку тие државни регулаторни механизми да ги заштитат и граѓаните на Република Македонија.Кај нас мислам дека тоа несуштествува и ние не можеме капиталистичиот производ да го увеземе од Западноевропските земји без разлика што таму се стремиме, тој си е наш, иманентен, македонски, автентичен, традиционално создаден низ знаењето и умеењето пораст на сопствен капитал во Македонија, и сето она што македонските граѓани го создале како национално богатство на територијата на оваа наша држава сега наречена Република Македонија.

Од тие причини сметам дека целите кои што ги поставија тогаш во проиватизацијата на државен капитал лидерите на Европските земји, високоразвиените европски земји беа излегување од рецесија на нивните економии и на нивните држави, потоа развој на приватна иницијатива и претприемаштво, што отсуствуваше во тој период во Голема Британија, Франција, Шведска, Данска, Германија, и на таков начин да дојдат до поголем стопански раст, поголем профит на капиталот што е модуст и вендил на било кој капитализам. Ние можеме тука да говориме колку сакаме за човекови права и за нивните слободи модус и вендил за опстанокот на капитализмот е оплодување на капиталот. Тоа е профит, и поголем профит кој што беше нужен за приватните капитали за да ги решат своите доста големи цифри на банкарските сметки во банките и мобилизирани од вложувањата на инвеститорот да ги вложат во стопанските циклуси, во репродукцијата и од тука целото англиско опшество, целата англиска држава и сите други високо развиени европски земји од ова црпат бенефит и на крајот на краиштата од тоа да имаат корист и граѓаните на тие високоразвиени западноевропски земји.

Основен проблем кој што се наметнува и тогаш беше, во времето кога јас престојував во Англија, главна тема на дискусија во англиското општество дали државната сопственост е кочница за развојот на англиското општество, или не. Конзервативната партија на англија сметаше дека не е, Лабуристичката партија на Англија сметаше дека тоа . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев ако може да се договориме.

Вие веќе зборувате пет минути за Англија и за случајот на Англија. Таму е приватизирано воглавно се за време на госпоѓа Тачер. Незнам, сте видовити, дали некој тој пример ќе го употреби, но имате можност со реплики тоа да се дообјасните. Ве молам, вратете се на она што е

содржина на точката на дневен ред а тоа е референдум за односно против приватизација на Електростопанство на Македонија.

**Марјан Ѓорчев:** Основен проблем во приватизацијата на државниот капитал е дали државната сопственост е кочница на стопанскиот раст или не е. Секоја правна држава или во која што се почитуваат граѓанските норми, граѓаните во таа држава мора да признае дека сопственоста не може да биде кочница на сстопанскиот раст и на продуктивниот однос. Сопственоста е основна манифестација на продуктивниот однос,во капитализмот тоа е приватната сопственост меѓутоа, ако државата е правна таа дозволува плуарализам на сопственоста - државна приватна, задружна, имаме еднаква сопственост во зградите што живееме, што значи сопственоста не може да биде кочница на стопанскиот раст и од тука тезите кои што се вадат дека ако се трансформира односно се приватизира ќе донесе благосостојба во Република Македонија не се тези кои што имаат оправданост за она што претставува модерно европско живеење, а тоа го поткрепувам со тезите дека Словенија која што влезе во ЕУ не го приватизираше своето електростопанство. Една Република Грција која што значи прв сосед не го приватизираше своето електростопанство, исто така и многу други примери, една Баварија најбогата држава во Германија не го приватизираше Беришејтоветре, исто така и чешката држава не го приватизираше својот електроенергетски систем. Значи тезите дека приватизација на државниот капитал ќе донесат просперитет не значат фактички тези кои што ветуваат иднина во делот на обезбедена енергија на Република Македонија, туку тоа се само тези чија што верификација треба да почека, затоа што Европската пракса, што е и Европско политички правен систем кон кој се стремиме покажува дека државите, како на пример Словенија, слободно аплицираше, стана членка на ЕУ без да го приватизира својот електроенергетски систем. Значи не се работи тука за нешто што претставува услов за да ние одиме кон тој економски правен и политички систем.

Вториот дел, делот што претставува приватизација на општествениот сектор е дали односно кои се целите и притисоците за да ние така размислуваме дека треба да го приватизираме државниот сектор во Република Македонија особено носечкиот јавен сектор. Тоа го направивме со Телеком, сега се обидуваме тоа да го направиме со Електроенергетскиот систем. Пред се тоа е влијанието на технологијата, брзиот развој на технолошките технички процеси и иновации, антиципира учеството на приватниот капитал кој што е пофлексибилен, има помалку ривалства по механизми и многу може управниот одбор на една компанија да донесе одлука да влезе во една таква инвестиција од една, две три милијарди евра што ќе значи донесување одлука за одредена инвестиција, или пак преструктуирање на целиот систем, за разлика од државната сопственост која што има многу регулаторни механизми. Тука се владите, тука се парламентите на тие држави и таквите зафати обично траат подолго и најчесто, објективно да говориме, ги пропуштаат тие иноваторски решенија и техничко-технолошки, тие системи застаруваат, или заостануваат во разојот.

Вториот притисок што се прави за приватизација на државниот сектор, тоа е пред се психолошки притисок, не е реален, не е законски, не е нормативен притисок, меѓутоа е психолошки дека треба да го приватизирате вашиот електроенергетски систем или Телекком па сега државата ќе реши дали тоа ќе го направи или нема да го направи. Значи, вториот притисок се субвенциите во државните претпријатија. Не гласични субвенции, субвенции во смисла ако Електростопанство искаже загуба како државна сопственост треба да се покрие таа загуба од Буџетот на Република Македонија, од расходите на Буџетот. На расходната страна треба да е покриена таа загуба и тука имаме прелевање односно изместена распределба на националниот доход во таа втора фаза. Тој притисок може да биде наметнат и од страна на меѓународните организации, ММФ и Светската банка, но тој притисок би бил непринципиелен, тоа би била апсолутна глупост некој да тврди дека сопственоста е ограничување на ефикасноста на капиталот. Врз ефикасноста на капиталот влијае само добрата структура на капиталот, органски состав и добрата организација. Никој не може, било кој да каже, особено не, големите високо развиени земји, Голема Британија пропатува 20 илјади километри да го заштити својот стратегиски интерес на Малвините со пари од Буџетот, а камо ли Република Македонија која што на својата територија треба да си го одбрани својот електроенергетски систем. Значи правам компарација каде се Молвинските острови а каде е електроенергетскиот систем на Република Македонија, тоа е тука во Македонија, ние сме грст земја и педа небо, меѓутоа тоа е многу за нас, ако си ја сакаме својата земја и ако си го сакаме свето небо. Така што тие препораки од ММФ и од Светската банка треба да се разберат во една насока. Дека македонскиот електроенергетски систем треба да се преструктуира, за да биде поефикасен, а не да се приватизира. Затоа што по дефиниција капиталистичко општество базира на капиталистички производни односи однос на трудот према капиталот и детерминираниот приватен капитал, а ние почитувани дами и господа пратеници, се определуваме за капиталистичко општество.

Четвртиот проблем во приватизацијата на државното претпријатие е како да се приватизира тоа државно претпријатие. Дали да се приватизира такво какво што е во целост или да се приватизира со отпишување на загубите, побарувањата или добивките. Значи, тука е тој круцијален проблем во приватизацијата и од тоа зависи определувањето на цената на тоа претпријатие. Тоа претставува најголем проблем во определувањето на цената на приватизација

на државно претпријатие. При тоа, цената на приватизацијата на државното претпријатие, според мене, како ете поранешен учесник во тие приватизациони процеси претставува проценката на сегашната вредност на идните нето приливи на средства во нашиот, конкретно Македонски енергетски систем и тоа во насока дали ќе бидат тие загуба или добивка во следните 10, 15 или 20 години. Јас лично сметам дека таквите проценки ние не сме ги направиле што ние имаме недостиг на електроенергетско производство и тука лежи основниот проблем и основната дилема дали и ние како Македонци треба да влеземе во тој процес во кој што влегуваат системи кои што имаат 20, 30 атомски централи, кои што имаат огромни хидроцентрали , огромни термоелектрани, кои што имаат колониии и увезуваат јаглен од тие колонии и дали Република Македонија, која што нема доволно електрична енергија треба да се откаже од државната сопственост на својот електроенергетски систем. Тука лежи основниот проблем што ние не можеме да ја квантифицираме таа цена, затоа што не знаеме колку електрична енергија ние имаме претпоставки дека толку ќе ни треба, меѓутоа, објективно ќе се определи цената, не знаеме колку таа компанија или странски купувач ќе инвестира во следната декада, како што и не знаевме дека телеком во првите 2, 3 години, менаџментот на Дојчетелеком и Матаф ќе ги вложува средствата во некакви инвестициони програми и Владата на Република Македонија не можеше да дојде до дивиденда. Или пак, сега, не можеме да им ги враќаме фактурите, зашто ни ги враќаат, за што Владата на Република Македонија нема механизми сеуште, како што има државата Голема Британија, тоа да го направи по многу ефикасен извршен начин да дојде до тие средства кои што и следуваат. Тука, не е важен договорот, ако некој сака веднаш политички да прави некакви небулози, затоа што над договорот треба да има закон. Значи, ние немаме закони тоа да го направиме, немаме хоризонтално законодавство, систем кој што по автоматизам, кога ќе ни се врати фактурата од Телеком или утре од Електростопанство, по автоматизам ќе биде наплатувано. Значи, не е битен договорот што некој го направил, битни се законите во Република Македонија, затоа што во секој договор пишува за се што не важи со овој Договор, важат законите во Република Македонија. Значи, ние немаме перфектни законски прописи кои што ќе ни овозможат приватизациониот процес на државната сопственот во Република Македонија да ни овозможи заштита на државниот интерес и заштита на интересот на граѓаните на Република Македонија. Одтука, сметам дека прашањето на цената не може да биде определено, би рекол, оптимално и тука ќе има или преценета цена или ќе има потценета цена и во таков случај импликациите се негативни. Ако има многу висока цена потенцијалните инвеститори нема да бидат заинтересирани и тие имаат разни прикаски околу тоа во меѓународните финансиски организации за ставот на државата по тоа прашање дали е тоа фингирана или стварна работа, дали државата навистина сака да приватизира или не, и тука ќе имаме притисоци во друг облик на Македонската држава. А, ако е под цената ќе се смета дека некој го прелева националното државно богатство стекнувано со години, со децении во интерес на рацете на одредени меѓународни шпекуланти или мултинационални компании или не знам какви други компании, кои што ќе имаат, факт е, со таа приватизација контрола врз животот на граѓаните на Република Македонија. Затоа што, електричната енергија, кажав веќе на почетокот, учествува многу во трошоците на секое македонско семејство. Електричната енергија значи и воопшто енергијата, претпоставка за развој на Република Македонија. Тој развој го немаме 15 години и токму затоа чинам дека од овие причини, барем јас лично, се определувам тоа единствено да го , решат граѓаните со референдумско изјаснување.

Затоа што, има многу параметри кои што укажуваат дека одлуката ќе биде донесена по фајтерт метода, значи од рака, без некои реални проценки што ќе се случи во 2015 година во Република Македонија. Од тој агол погледнато сметам дека нето пазарната вредност на активата на Македонското електростопанство не може да биде утврдена онака како што до оној степен прецизно, како што тоа би посакувале граѓаните на Република Македонија.

На крај, би зборувал за последиците од трансформацијата на државниот капитал во електростопанство. Најнапред, слабее синдикатот воопшто во Република Македонија. Секој приватен капитал го слабее синдикатот. Тоа е почеток на приватизација и пак ќе се навратам на 80-тите години кога заврши, беше клучна поентата да заслабее синдикатот кој што беше многу моќен заради силните работнички движења и во тој период беа многу силни еврокомунистите во Европа. Значи, основна причина беше да слабее синдикатот во тие држави, а ние во нашата Република Македонија допрва синдикатот го вклучувме во преговори со ММФ и со Светската банка да каже некоја дума таму дека така не може да носиме закон за работни односи, дека тие наши работници ги имаме 400 илјади надвор од работа, па уште дополнително сега треба некоја мултинационална компанија која ќе го купи Електростопанство да избрка уште 1000 души, затоа што не биле ефикасни во процесот, не биле систематични или не биле по таа нова систематизација. Значи, ние и во делот на Синдикалното движење, што е основа за репрезентација на трудот, во политичката репрезентација на трудот, за што три чинители се во капитализмот, кој што го прави приватниот капитал, трудот,Синдикатот и администрацијата на државата која што ги донесува законите. Кај нас досега Синдикатот не беше вклучен во преговори со капиталот, го немаше никаде, го имаше во некои штрајкачки да речеме во организирани активности , меѓутоа Синдикатот како претставник на трудот, како политички презент на трудот не учествуваше во носењето на многу важни одлуки за приватизации. И одтука

сметам дека последицата ќе биде негативна што и во овој електроенергетски и стопански систем ќе слабеат правата на пработниците, а тоа е многу битно. Имаше тука пратеници кои што објаснуваа кои се против приватизацијата на Електростопанство на Република Македонија и јас сметам дека тоа е многу битно затоа што ако ние како држава која што не води грижа за ситуацијата на невработените лица во Република Македонија, ако не води грижа за младината која што допрва треба да биде запослена и која што еве видовме и во Макдонскиот Парламент тука учествуваше во работата на Парламентот, кои што претставуваат носители на нашите надежи и перспективи во дваесет и првиот век тогаш ние не сме направиле ништо. Ние ќе го приватизираме националното богатство, меѓутоа, нема да донесеме развој на Република Македонија ако и понатаму со приватизацијата отпуштаме одреден контигент на вработени и во Електростопанство и во Телеком, без разлика што тие луѓе примија по 20 илјади евра, тие се на улица. И, тоа е судбината на сите оние кои што се решаваат на таков чекор за приватизација на државниот капитал.

Втората последица се однесува на политичките реперкусии. Факт е дека, можеби тоа некој не го кажува, меѓутоа, виси во воздухот дека ние го продадовме Телеком и го продаваме Електростопанство за да бидеме солвентна држава, да ги враќаме долговите и каматите према официјалните кредитори. Парскиот и Лондонскиот клуб и да ги враќаме долговите и каматите према приватните кредитори, банките кои што ни дале кредити. Факт е дека за 4 години од 1998 до 2002 година, Република Македонија плати 650 милиони долари главница плус камата на странските доверители на Република Македонија. Факт е дека оваа година ние во буџетот издвоивме над 10 милијарди денари или над 150 милиони евра да платиме долг плус камата према странските доверители. Политичката реперкусија е дали ние сакаме заради солвентност, да ја продадеме сувереноста на Република Македонија. Тоа е прашање кое што мене ме преокупира и јас сметам дека ниедна солвентност не може да има предимство пред сувереноста на Македонската држава. А, суверенитетот на Македонската држава произлегува во овој момент на огромни притисоци врз Македонија од државата Република Македонија. Не од Матаф, не од Чешкото електростопанство утре или не од Грчкото електростопанство, од Македонското електростопанство. Тоа е барем мое размислување за овие политички реперкусии. Значи јас сум за суверена Република Македонија со државен капитал во носечките јавни сектори.

Третата последица е прелевањето на националното богатсво од едни во други раце.Се вели дека државниот капитал не создава профит туку само го прераспределува националното богатство. Можеби е така, можеби е тоа дефиниција за државниот капитал, меѓутоа, овде имаме директно зафаќање во торбата на државата и прелевање на огромни средства на некои сметки за кои што не знаеме кој ги контролира. Прашањето е за мене, какви се целите со продажбата на електростопанство тука .

Пак ќе кажам дали да ги вратиме долговите, дали да бидеме солвентни, или пак имаме цели да обезбедиме 100 илјади нови вработувања во Република Македонија или 50 илјади нови вработувања, инвестиции 200 милиони евра што никаде не се спомнуваат, а тоа мора да биде кажано во Програмата во врска со државниот капитал, за што тој државен капитал го создавале сите во Република Македонија. Ние, да не заборавиме произлеговме од еден друг систем. Ние не сме Големо Британското Кралство, ние немаме монархија, ние за жал или за среќа произлеговме од Социјалистичка Република Македонија. Така што, тоа прашање треба нас да не преокупира и во иднина многу брзо ќе ги забораваме принципите и сето она што во Македонија важеле, на пример, 70-та, 80-та, 90-та и наеднаш се однесуваме како земјите кои што имаат сосема други принципи, друга методологија на проценка на капиталите и друг однос во она што претставува, пред се, државата во приватизациониот однос кај нас, пак ќе кажам, капиталистички приватизационен однос.

За економските последици веќе говорев. Електричната енергија е содржана во цената на чинење и е импут во многу индустрии, пред се, металургија, да не говорам за сите други индустриски гранки кои работат на електрична енергија, оти електричната енергија многу бргу се претвора во механичка и во топлотна и во светлинска и е најдобар вид на енергија. Оттука, сметам дека економската последица нема да не одмине поскапувањето на електричната енергија, како што не не одмина и поскапувањето на телефонските импулси. Затоа, не смееме да ги лажеме граѓаните. Ниту еден приватен капитал, според мене се разбира, нема да вложи 300 милиони евра, а после тоа да не се обиде да си ги поврати многу брзо тие пари. Така што, да не се залажуваме, капиталот не е хуман, капиталот е животно кое бара простор, животно кое постојано бара оплодување. Ако ние мислиме дека капиталот е хумана работа и дека тој ќе купи акции од Македонското Електростопанство и после тоа ќе се гижи за вработените, за енергетскиот проблем на Република Македонија, тоа е страшна грешка и ќе ја повториме грешката на некои други системи во Латинска Америка, кои после дојдоа во ситуација како Мексико, Аргентина, не само што не можеа да ги репрограмираат, туку не можат да ги плаќаат и репрограмираните обврски према ММФ и Светската банка од кога се продадоа, конкретно Мексико на американските компании и Аргентина на компании од цел свет. Значи, тоа се последиците за кои што сметам дека можат негативно, пак ќе кажам од мој агол на гледање, да ја заслабат Македонската држава, нејзините перспективи, да го заслабат и онака слабиот економски живот во државата и пред се не обезбедуваат ветувања дека електроенергетскиот

комплекс ќе има перспектива со конкретни инвестиции, со конкретни предвидувања што и како Македонија да обезбеди доволна количина на елетрична енергија, оти сега ја немаме. Ако сега произведуваме при инсталиран капацитет од 400 и нешто мега вати годишно 6 милијарди киловат часови, а увезуваме 2, 3 милијарди, ние ништо не сме направиле. Значи, ние повеќе од 1/3 од потребната електрична енергија ја увезуваме. Како ќе се справиме со потребната електрична енергија во 2015 година до 2022 година. Значи, ние немаме проекција за тоа, немаме она што претставува основен репер каде ќе се најде Македонската држава со приватизацијата на Македонското електростопанство. Можеби не знаеме и сега каде се наоѓаме со државната сопственост, меѓутоа та е наша Македонска, иманентно автентична и тука можеме да носиме одлуки во Македонскиот парламент. Кога ќе дојде странска компанија или странски инвеститор, тогаш нема да можеме да носиме одлуки во Македонскиот парламент и тогаш тоа ќе биде малку поинаква ситуација, од онаа што ја имаме денес кога разговараме за електростопанство. Јас не сум за тоа да се откажеме од сите, би рекол, златни кокошки, како што ги нарекуваат на запад државните претпријатија, како што и САД не се откажуваат од својата воена индустрија и годишно ја помагаат со 500 милијарди американски долари. Така што, сметам дека и Македонската држава, барем во делот на енергијата, не треба да се откаже од својата основна, би рекол, двигателна сила на македонскиот развој.

На крајот, за нешто што претставува модерен тренд во приватизацијата, а тоа е поделбата на акциите односно купувањето на акциите. Целта на секоја приватизација е бројност на акционерите. Пак ќе спомнам еден пример кој што сметам дека е компатибилен со нашиот пример. Кога Британската Влада го продаде Јагуар имаше 120 илјади акционери на почетокот, толку работеа таму. После три месеци бројот на акционерите падна на 20 илјади. Значи, целта на Македонската држава треба да биде во приватизацијата да учествуваат голем број на акционери, оти од економската моќ произлегува политичката. Сиромашен човек со политика не може да се бави. Тоа е илузија. Од економската моќ произлегува и политичката моќ на запад, во капиталистичките земји. А, демагогија е ако некој кажува дека западните земји и можеби не е само демагогија туку продава магла и кажуваат дека политичката моќ извира исклучиво од демократијата во тие држави. Политичката моќ во капитализмот извира од капиталот. Тоа е дефиниција. Тука нема да се залажуваме, меѓутоа двигател и на демократските процеси и на политичката моќ е единствено капиталот.А, трудот е само слуга на капиталот, тоа е мое размислување, може и да не се сложите со тоа. При приватизацијата на тие стопански субјекти битно е дали се почитуваат правата на малцинските акционери. Колку малцински акционери ќе има во Македонското електростопанство или тоа ќе биде само проформа во Телеком каде што Владата има 40% акции односно Македонската држава, колку акционери стојат зад тие акции, како се развива пазарот, секундарниот пазар со хартии од вредност, за тоа никој не води грижа, никој не информира, никој од Владата еве четврта година по ред кога е приватизиран Телеком и поранешната Влада не дава отчет за тоа. Што се подобрило со тоа? Дали се подобри пазарот со хартии од вредност, дали се котира на секундарен пазар на Лондонската берза или на Франкфуртската берза, никој за тоа не води сметка и затоа сметам дека работите се такви какви што се. Значи политичко опортуно решение за приватизација е бројни малцински акционери и тоа го нема во овој закон што го донесовме. Што значи тоа? Што ќе донесе приватизацијата на државниот капитал во Електростопанството, кои фелери ќе останат, кои ќе бидат, како тие ќе влијаат на иднината на електроенергетскиот систем на Република Македонија од аспект на државата на Република Македонија. Со тоа јас завршив со вториот дел од моето обраќање до вас денес во врска со приватизацијата на државниот капитал како проце, како последица, и како на антиципација на акционерските права на вработените и другите граѓани на Република Македонија.Третиот дел би бил во делот на она што претставува електростопанство каио техничка и економска координација на сите инсталирани капацитети во производство, пренос, дистрибуција и потрошувачка на територијата на Македонската држава. Значи тоа е еден голем систем за нас, мислам еден единствен кој што го имаме ние многу поважен и многу побитен од Телеком иако можеби книговодствената вредност не е таква, меѓутоа многу поважен и многу побитен за иднината на Република Македонија, затоа што Телекомот не ја обезбедува енергијата која што е претпоставка за разговор. Енергијата се обезбедува само преку електроенергетскиот систем.

Во таа насока ќе кажам дека Република Македонија има проблеми со енергетскиот потенцијал. Таа нема нафта, значи не може ни да има нафта, барем во следните две декади можеби ќе настанат нови истражувања кои што ќе откријат нафта во Овче Поле или на некое друго место . Македонија нема гас, треба да го увезува преку Република Бугарија.

И јас ќе се смејам господине Макрадули кога ќе зборувате вие. Ќе се смејам и тоа ќе се смејам многу.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете.

**Марјан Ѓорчев:** Мислам дека во тој контекст Република Македонија нема гас и тука изградбата на гасната централа, што претставува можност за решавање на топлинската енергија на граѓани кои живеат, а безмалку една третина од граѓаните на Република Македонија живеат во Град Скопје, а во летните месеци треба да обезбеди дополнителни 100 мегавати електрична енергија, прво треба да го решиме, според мене, како државна соспственост, да обезбедиме да влезе “Сименс” или да влезе ЕДФ, но како држава, бидјеки тоа ќе носи потоа за државата да влезе и

Дојче-банка, па да влезе и ДИЛ или КРУП, а никако преку чешкото или Француслото или друго електростопанство или мултинационална компанија што тоа нема да ни го донесе.

Од тие причини сметам дека јас сум за приватизација, но после структуирањето во државна сосптвеност. И, ако се носи нов закон за приватизација, тоа да биде приватизација со малцински пакет. Нека влезе "Сименс" во ЕСМ или Баерише електроверке нека ја направи гасната централа, нека направат проекција германците дека за 10 години ќе направат атомска централа во Македонија и низ докапитализација, со инвестиции да обезбедат електрична енергија Македонија да извезува енергија, а не да увезува енергија. И, при тоа, никој тоа нема да го спори. Ниту Светска банка, ниту ММФ, ниту било кој. Едноставно, ние ќе направиме во од преструктуирање, ќе ги сочуваме вработентие, ќе едуцираме млади кадри, ќе создадеме нови извори на енергија преку гас, преку атомска енергија, ќе овозможиме претпоставка на енергетски развој на Република Македонија и дури потоа може тие компании што купиле акции, нека биде и ЕБРД со 45 милијони евра. Може ЕБРД да го купи тој пакет од 30% од Македонското електростопанство, после ќе го донесе големиот француски конзорцијум за изградба на атомски цнетрали.

Но, не е битно. Државата има територија. Државата е голема работа. Државата е граница. Државата е знаме, грб, име. И, таа ја дава територијата за одредени, мора низ Република Македонија да помине далноводот. И либерализацијата ние ја правиме, секако ние учествуваме со изградбата на новите далноводи Неготино-Црвена Могила или Битола-Бурели. Ние учествуваме во либерализацијата. Учествуваме во новата методологија за создавање на цени. Меѓутоа, тоа ништо не ни пречи ако претпријатието остане во државна сопственост. Можеме да го либерализираме пазарот, можеме да направиме се, можеме да го преструктуираме претпријатието и повторно сосптвеноста да биде државна.

Мојата теза е дека не гледам разлика помеѓу државата и приватната сопственост во капитализмот. И не може ниту да има. Сопственоста е секаде идентична. Таа е основ за правна држава. Да ги почитуваме сите сопствености. Ако ја фаворизираме само приватната сопственсот, тогаш немаме правна држава. Немаме цивилно општество.

Од тие причини сметам дека мораме да размислуваме на ваков начин, со аргументи се разбира. Тоа е мој агол на гледање. Со аргументи мораме да размислуваме што и како тој потенцијален инвеститор ќе ни донесе доволна количина на енергија за потребите на Република Македонија во следните 10 или 15 години. Тоа е моето принципиелно гледање на оваа работа. Можеби некој не се согласува со тоа, но јас така размислувам.

Потоа, Република Македонија во делот на водите има, исто така, големи проблеми. Македонија е аридно подрачје и нема доволен хидро-енергетски потенцијал. А особено нема, пак ќе кажам, системски закони што ја регулираат цената на водата што ја користи Електростопанство на Република Македонија. Нема системски закони што ја воведуваат категоријата рента. Тоа е капиталистичка категорија, не е социјалистичка. Едно врем имаше рудничка рента што кажува колку вреди еден тон јаглен, колку ја чини државата за да обезбеди еколошка заштита, за да обезбеди ред други елементи на развој на Република Македонија. Сега нема ни рента, немаме ни цена на вода, немаме ни закон за води, а ќе продаваме електроенергетски ситем што го користи водниот ресурс.

Колку ќе плаќа кубни метар вода од хидроакомулациите тој потенцијален странски инвеститор? Тоа никаде не се кажува. По кој закон тоа ќе биде регулирано? Каде ќе биде арбитражата за тоа? Како ќе се регулираат сите тие процеси?

Ние немаме, почитувани дами и господа пратеници, системски закони, а одиме во приватизација. Во ред беше општествената сопственост. Таа беше недефиниран облик. Сопственост на сопственост, донесовме Закон за трансформација, во ред е, таа не беше третирана. Немаше кој да ја заштити. Одевме во тоа.

Сега се работи за фундаментот на македонската држава. Тоа е државната сопственост. Тука се изворните права на политичка моќ на државата. Претставување во светот. Ако ги изгубиме тие изворни права на македонската држава, ве убедувам дека ние ќе имаме големи проблеми во опстојувањето. Мислам, не можам да ве убедам, извинете, но мој агол на гледање е дека имаме големи проблеми и политички импликации во тој дел.

И на крајот би сакал, нормално секоја дискусија треба да произлезе со заклучок и решение како до приватизација. Јас веќе реков, прво преструктуирање. На кој начин преструктуирање. Да се ослободи Електростопанство од сите несуштествени активности. Тоа се хотели, градежни машини, сето тоа што претставува "нон коре" алтивити да биде елеминирано и да биде дадено во приватни раце. Да биде транспарентно, тие да стопанисуваат со тоа, да носат профити како приватен капитал и да учествуваат во создавањето на макеоднскиот национален доход.

Потоа, во делот на сервисите, услуги, набавка на кабли, производство, сето тоа што претставува сега дополнителни дејности во Електростопанство , тоа да биде исто така транспарентно дадено на приватниот сектор. Така работат сите земји, во Европа, Германија, Грција, Чешка, Словенија. Се развива приватниот сектор преку кооперација со Електростопанство. Не се развива со тоа што ќе донесеме ние некој приватен мултинационален гигант и преку тоа ние ќе развиваме приватен сектор. Нема да се развие. Ќе останеме тоа што сме. Тој ќе си има свои системи. Ќе си има свое опкружување што ќе има заштитни механизми да ги елиминира

македонските претприемачи или македонските луѓе кои се занимаваат со таа работа во електроенергетскиот бизнис.

Од тие причини сметам дека вакво преструктуирање ќе овозможи ефикасност, можеби трансформација во делот на тие вработени што ќе добијат шанса во хотелите, во политичките објекти да исто така најдат своја работа по разни типови на договори за франшиза, за наем, закуп и на таков начин да дојдеме до тоа да не ги бркаме вработените од работа. Да тие, по пат на природно, би рекол, течение на нештата дојдат до работа, до егзистенција, да можат сите да учествуваат во капиталистичкиот поредок на начин што ќе значи профит и за нив.

И на крајот, дури потоа, откако ќе се направи тоа преструктуирање, откако ќе ги донесеме за две до три години сите системски закони по хоризонтала, цивил-код, да донесеме закон за стопанското право, граѓански код, сите хоризонтални закони, тогаш ќе бидеме подготвени и да згрешиме во договорот со странскиот инвеститор, по автоматизам, ако се направи некое, би рекол, извртување од страна на приватниот инвеститор од странство кога ќе дојде во Македонија, јас не сум за тоа ние да бидеме баба-рога за приватни инвеститори од странство. Напротив, треба да ги штитиме, треба да формираме борд на приватни инвеститори, да ги помагаме, да ги едуцираме каква е Македонија, какви сме ние како граѓани, како ентитет, како личности, како заедница, оти по дефинициајта на Ото Бауер државата е заедница на индивидуални судбини. Според мене, државата треба да биде наша заедничка судбина. Од тие причини јас се определувам понатаму Електростопанство, во оваа фаза на македонското општество, да остане во државна сопственост.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Еден мал коментар, сфатете го тоа како моја реплика.

Господине Ѓорчев, вие зборувавте скоро неполн час. Како вешт политичар знаете како се води Деловникот и затоа на секои 10 минути само три минути посветивте на прашањето што е точка на дневен ред. Не сакам тоа “вешт политичар” и како политичар да го поврзам со вашиот исказ што е надвор од темата, каде што рековте дека “сиромашен човек не може да се бави со политика: Претпоставувам дека вие не сте богати, но ве молам ова е веќе неколку пати да вие, во своите настапи, давате експликација во врска со теорија на сопственост, во врска со теорија национална економија, во врска со Синдикатот, во врска со меѓународните односи. Јас би ве замолил во иднина, во иднана би ве замолил да се држите точно за тоа што е -референдумот. 30% е потрошено од еден час за точката на дневен ред, 70% е, според вас, според мене не, според вас на некоја додатна експликација за она. Како што Тачерката ја спомнавте, претпоставувајќи дека тоа некој ќе го искористи како пример дека е некој приватизиран, но има уста.

Ова е моја реплика и можете да одговорите.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, ние во овој Парлемент не сме дошле затоа што вие така сакате, ниту пак имате право да ни кажувате како ќе ги водиме нашите дискусии. Се што говорев 54 минути, беше за Електростопанство. Примери, концепти, модели, стратегија. Ако сакате вие да не ограничите да бидеме роботи и да говориме само за нешто што вие сметате, тоа е ваше право. Но, вие сте, сепак да ве потсетам, само спикер во овој парламентарен дом со исто право како и јас. Ние сме Ве избрале за претседател. Вие ги водите седниците. Но, за говорите немате прраво да толкувате нешто дека тоа не е во корелација со Електростопанство. Се беше во колерација со Електростопанство. И примерот од Англија и другите примери и приватизацијата на државниот капитал.

Затоа, ве молам, вашите сугестии можете да ги давате во насока таму каде што сте компетентни, го уважувам, како претседател на Собрание. За начинот на кој што се произнесувам јас, тоа е мое право како пратеник на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Тогаш, јас ќе го користам моето деловничко право што го имам. Јас го ислушав вашето предавање и сакам да ве слушам и понатаму, но бидејќи така сметате вие и јас моето деловничко право ќе го користам. Кога ќе сметам дека сте надвор од темата, ќе ве прекинам.

Дали има некој реплики?

Реплика има господинот Глигоријевски.

(Пратеници се јавуваат процедурално).

Процедурално, кој бара збор?

Повелете господине Крстевски имате збор процедурално.

**Зоран Крстевски:** Господине претседателе, нашиот систем подразбира меѓусебно условена контрола помеѓу извршната и законодавната власт. Нивото на поднесување на закон од пратеник е исто што е и нивото кога Владата поднесува закон или 10 илјади граѓани.

Овде нема ниту еден претставник на Владата. За најсуштественото сопственичко право на имотот на државата разговараме, нема ниту еден минситер. А Владата се декларира дека ќе била транспарентна во оваа работа. Нема ништо од тоа.

Ве молам да обезбедите соодветен претставник на Владата, ако не може премиерот, барем минситерот за економија да биде тука, да не водиме дијалог на глуви. Навистина, ова е едно потценување на законодавниот дом, што не е пракса во ниту една држава. Вие тука имате дирекна одговорност тоа да го направите.

**Љупчо Јордановски:** Господине Крстевски, пред некој ден се жалевме дека овој Парламент е гласачка машина и дека сме зависни од Владата.

Вакви закони покажуваат дека ние не мораме да бидеме зависни од Владата. Поканети се, не се дојдени. Ние ќе си ја истераме нашата точка и ќе донесеме заклучоци.

(Реакции со дофрлања).

А Владата слуша и ќе ги добие стенограмите. Нивно е дали тоа ќе го усвојат или нема да го усвојат.

(Реакции во салата со дофрлања).

Не мислам по точки кои што пратениците ги поставуваат и кога ќе добијам писмено мислење посебно Владата да седи овде. Ние си ја работиме нашата работа. Иаме наш закон даден од пратениците. Инаку, ако е така, нема никогаш да дојде оваа точка на дневен ред, ако чекаме претставници. Оцениле како независна извршна валст, оцениле дека не треба да бидат тука. А тоа го гледаат граѓаните и можат да го кажат, како што реков, секогаш кога ќе дојде време. Инаку, вака паѓаме во контрадикција. Ем бараме независност од Владата , ем сега сме зависни со тоа што сакаме овде да биде присутен некој.

Повелете господине Тома Глигорјевски.

(Пратеникот Мавровски бара збор како предлагач).

Повелете господине Мавровски, во име на предлагачите.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, ние тука поставуваме прашања за кои што токму Владата треба да одговори. Во овој случај, меѓу нас пратениците, ние говориме кој какво видување има за Електростопанство. И, тоа е во ред. Но, прашањата директно поставени дали овој референдум, ќе треба овие пратеници да го изгласаат тука или ќе треба да дадеме можност граѓаните да го кажат својот глас. Мислам тука е тоа што и минатата седница, кога господинот Најдовски говореше, другиот ден веќе неговата дискусија падна во вода затоа што Владата донесе друга одлука.

Ние денеска можеме да говориме. Денеска има повторно седница на Влада и утре да одиме повторно во друга погрешна насока.

Мислам дека барањето на господинот Крстевски, апсолутно е во право, тоа е наше барање. Мислам дека минситерот за економија, бидејки новинарите имаат многуповеќе информации отколку ние пратениците, е должен овде пред нас да изнесе дали воопшто има некоја стратегија и како понатаму ќе се одвиваат работите. Можеби во контекст на она што ние го поднесовме, токму тој тоа и го работи, тогаш не ќе треба расправа. Можеби ќе треба да го повлечеме предлогот. Инаку, на овој начин продолжуваме да работиме нешта за кои што не знаеме како Владата размислува.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски,вие поднесовте иницијатива за распишување на референдум. Владата по Деловник, даде свое Мислење и вие тоа Мислење го имате. Ваша цел е да овие пратеници овде кои седат ги убедите дека има потреба овој референдум да се изгласа. Владата очигледно не можете да ја убедите, бидејки има овде мислења. А, за прашања и одговори, имате пратенички прашања и тогаш ќе ги прашате.

Затоа ве молам, ако сметате дека е потребно да се дискутира веќе, бидејки Владата ги слуша, а доказ дека ги слуша е тоа што има одредени поместувања во нивните размислувања, повлечете ја иницијативата и тогаш ќе продолжиме понатаму.

Благодарам.

(Пратеникот Мавровски реагира од место).

Господине Мавровски, нема што да се разјаснуваме. Јас го кажав својот став како претседател и мислам дека сум во право. Вие го кажавте својот став.

(Реакција од страна на пратениците на опозицијата).

Вие треба да ги убедите пратениците овде дека треба 61 да гласаат.

Процедурално збор бара господинот Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, јас мислам дека не ја сфаќате поентата на ова што досега го кажуваме.

Поентата е, ние дадовме предлог за референдум по однос на Предлог-законот што постоеше. Во меѓуврме, очигледно е, барем преку медиумите, затоа и сакаме Владата да биде присутна, дека има ретерирање кај Владата околу Законот што таа го донеле.

Според тоа, дали Валдата има сериозни намери по тоа прашање, какво е прашањето, има ли одлагање, тоа може во секој случај да реперкуира со промена на дискусијата или, во крајна консеквенца, она што го кажа господинот пратеник Мавровски, повлекување на оваа Иницијатива ако имаме други модели што ќе бидат предложени од Владата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец, воопшто не ја промашив поентата. Следите јавни медиуми, следите што Владата носи на свои седници како заклучоци. Донесете ги вашите заклучоци дали има простор да се повлече оваа Иницијатива. Ако нема простор тогаш убедете ги пратениците да гласаат за вашата Иницијатива.

Продолжуваме со расправа.

Господине Глигоријевски, вие баравте реплика, имате три минути.

Господине Најдовски, барате збор процедурално, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе,

Крајно е незгодно, но морам да ви кажам, тогаш ќе ми дозволите мене, со оглед на тоа што господинот Мавровски имаше како предлагач, како претставник, овластен предлагач, дискутираше. Јас се јавувам за реплика...

**Љупчо Јордановски:** Не, не. Ќе го прашам дали беше реплика или дискусија, господине Мавровски?

**Спиро Мавровски:** (Од место без вклучено озвучување) Процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално.

**Слободан Најдовски:** Не беше процедурално. Тој дискутираше.

**Љупчо Јордановски:** Не, не, процедурално, да дојде Владата.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, вие му дадовте збор и тој како предлагач дискутираше.

**Љупчо Јордановски:** Да, побара како предлагач. Имате право.

Реплика три минути, да го завршиме ова.

(Реакции од место со дофрлање)

**Слободан Најдовски:** Момент, вака.

Господинот Мавровски, сакајки во името на предлагачите да каже нешто, кажа прво дека мојата дискусија, кога беше прекината седницата, пропаднала во вода.

Господине Мавровски, изгледа не знаете сега конечно како да се извадите од ситуацијата во која што навлеговте, затоа што со ниту еден аргумент не оспоривте тоа што јас го дискутирав и што го кажав, дека вие, предлагачите, не сте против приватизација на Електростопанство на Македонија и дека ја излажавте јавноста дека покренувате референдум за или против приватизацијата.

Напротив, вие само потврдивте дека во оваа држава е донесен Закон според кој што треба да се трансформира Електростопанство на Македонија. Ако Владата го променила својот став, Владата ќе ни предложи закон за поништување или изменување на претходниот Закон. Владата, до ден денес тоа не ни го предложила. Напротив, немате ниту еден аргумент со кој што вие ќе го оспорите тоа што јас го дискутирав.

И на крајот да ви укажам нешто.

Дами и господа пратеници,

Барате процедурално и барате присуство на Владата. Па, вие предлагате овде референдумско прашање, не предлага Владата. Побарајте си информација за процесот на приватизација на Електростопанство, повикајте ја Владата да дојде. За што барате нешто за кое што вие сами го предлагате. И на крајот би заклучил со ова дека вие навлегувајќи во замката на која што сами си ја направивте, сега барате излез. Наједноставно би било тоа да кажете следново. Дали вие конечно сте против приватизација на Електростопанство на Македонија и досега се што сте дискутирале кажувате дека сте погрешиле. Почнувајќи овде како сите претставници на ВМРО-ДПМНЕ, за тоа дискутирав во претходната дискусија на Либерална партија, кога бевте министри на ВМРО - Народна, или не знам која, дали тогаш погрешивте или сега грешите. Конечно кажете еднаш дека вие погрешивте во периодот кога го започнавте процесот на приватизација на Електростопанство на Македонија.

Имам уште 30 секунди но ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, а имате избор господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Некој три пати веќе добива збор, а јас не можат еднаш да го искористам правото на збор и да објаснам некои работи затоа што господинот Најдовски сака да расчистиме некои работи за неговата дискусија, бидејќи апсолутно мислам дека не е во право бидејќи изнесе многу невистини и со тие невистини дојде до 18,00 часот и тука заврши седницата. Оттогаш помина една недела така јас мислам сега до 18,00 часот ќе расчистиме некои работи па ќе продолжиме понатаму. Ако сакаме веќе да разгледуваме ќе разгледуваме.

За почеток јас би сакал и во овој момент господинот Најдовски искористи манипулација затоа што почнувањето на неговата дискусија, не сум од оние стручњаци кои што знаат како се произведува енергија и како се прави, значи не сум стручњак ама сакам да кажам и имам многу добар пријател кој ја користи таа фраза и после тоа не сум стручњак а сакам да кажам доаѓаме до ситуација кога се можете да кажете и апсолутно за ништо да не одговарате. Мислам дека тука е проблемот.

Проблемот беше презентиран од негова страна. Очигледно дека објаснувањата ги бара самиот, но не може да најде апсолутно ништо затоа што во стартот кога зборуваме за референдумот, тоа го зборуваме дали сме за или против, но и самите знаете, а тоа го има и во Законот, беше образложено во членот 15 од законот кој што се однесува на референдумот и кажува законодавен референдум може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон, значи претходен референдум или за преоценување на закон што претходно е донесен. Тоа е дополнителен референдум и за тоа господине Најдовски ние разговараме. Значи од вас како пратеници се бара токму она што овде е напишано.

Понатаму, член 28 говори дека референдумот го распишува Собранието со одлука. Референдумот се распишува на целата територија на Република Македонија. Токму тоа ние во овој момент треба да го направиме. Значи, повикување на членовите 2, 15 и 28 од Законот. Тука апсолутно се е јасно.

Значи, доколку овој референдум, јас ве замолив како пратеници, бидејќи и во вашите дискусии постојат истите дилеми кои што стојат и кај нас кои што како, која е цената и дали ќе се продава апсолутно никој ништо не објаснува, меѓувреме се реферира, се кажуваа други работи од Владата и стигнуваме до ситуација токму овој референдум доколку вие го изгласате да им дадеме на граѓаните можност дали овој закон треба да се менува или не треба да се менува. Значи, тука е она објаснување за кое што вие кажувате дека не знаеме што бараме со референдумот. Многу јасно со закон и со она што ни дозволува законот ние побаравме референдум за она што Владата го донесе, а вие кажувате дека тука разговаравме, отворивме многу прашања кога се донесуваше законот, но јас ќе ве потсетам за нешто. Ние како опозиција отворивме многу прашања, но вие ги затворивме со тоа што гласавте за. Тука приказната заврши. Сега вие убедувате дека некогаш кога сте биле да опозиција или позиција

сте донеле одлука за која што не сте одговорни, а ние како опозиција и покрај тоа што сме против, што сме отвориле многу дискусии на крајот доаѓаме според вас во ситуација сите заедно да го донесеме законот и одговорноста тука преминува на целиот Парламент. Затоа и во овој момент јас ве повикувам вас како пратеници да ја споделиме одговорноста, затоа што тогаш гласавте за, сега и самите гледате дека Владата апсолутно не објаснува ништо како понатаму ќе тече процесот на приватизација. Сега се јавуваат дилеми кај вас. Дилемите се големи, очигледно во вашите дискусии,но како многу закони кои што ги донесовме последните неколку месеци доаѓаме во една многу сложена ситуација да кажеме ние мораме да го донесеме законот, а потоа амандмански ќе интервенираме и ќе дојдеме во ситуација која што ја бара ММФ, Светска банка или не знам каде сме закасниле со нешто што требаше да го направиме претходно.

Во контекст на тоа е и денешното доаѓање на законот за енергетика каде што под итно се закажува седница за понеделник и тука ќе треба во среда господинот претседател тоа да го постави под итна постапка да решиме работи кои што некој сега набрзина атхог ги решава, и вие кажувате за нешто што се прави транспарентно, за нешто што ќе се одвива како што треба. Тука е вашиот проблем.

Цело време говорите за нешто трансформација, приватизација, тие проблеми апсолутно не ви се јасни или не можете да ги разјасните. Ние говориме за приватизација. Трансформацијата - реструктуирањето се некој против неа. Јас не знам досега ниедна политичка партија ниту пратеник во Парламентот да каже дека е против реструктуирањето и тоа си тече. Дали е начинот ова правото како што кажаа експертите на тој начин да се трансформира или реструктуира Електростопанство повторно постојат дилеми. Значи, дадовме можност за реструктуирање, во меѓувреме од тоа што го дадовме како можност тоа продолжува и понатаму. Значи, тука имаме повторно проблем, тој проблем тешко можеме да го расчистиме.

Вашите говори беа дека таа продажба ја гледате од економски, политички и социјален аспект.

Економскиот аспект го започнав со тоа што не знаете, ама сте сигурни дека ќе бидете далеку под проценетата вредност. Тоа е од една страна, а од друга страна знаете дека можеби ќе стигнеме до некоја вредност која што во овој момент вие предвидувате дека евентуалната продажба после 2, 3, 4, 7 години кој ќе биде тој што ќе тврди дека тогаш ќе имаме подобри услови за продажба на Електростопанство на Македонија.

Господине Најдовски некој тука во овој Парламент, од оваа говорница кажа дека со промената на името после два месеци Македонија ќе влезе во нови структури и дека тоа е само привремено за два месеци. Оттогаш поминаа 13 години апсолутно ништо не се случи. Во меѓувреме го променивме и Уставот, го променивме и знамето, променивме и многу други работи но тоа не се случи. Сега вие прашувате за 2, 3, 4, 7 години кој е тој што ќе гарантира каква ќе биде ситуацијата. Мислам дека тоа е таа демагогија и тоа е тоа што цело време некој некого го мачи. Говорите за трите термоелектрани во Бугарија дека се продадени некаде за 70 милиони евра. Дали вие со тоа ја кажувате цената на Електростопанство на Македонија. Ние имаме пет електрани од кои една не работи, трите се во Битола електрани, 70 милиони заврши Електростопанство. Ако е тоа вашата најава, бидејќи имаше многу најави од 7 милијарди евра па стигнавме на 2,5 милијарди евра, па сега кажувате книговодствена вредност била 600 милиони евра Електростопанство на Македонија. Мислам дека таквите бројки кои што беа изнесени апсолутно се неприфатливи за никого затоа што реална вредност секогаш постои. Немојте да кажувате дека некој тоа не знае или не може да се направи, може да се направи и секогаш ќе се прави. Со вас се сложувам само едно, тоа што значи за Евреите тој што направил многу лесно го продава ако е од друг, но сега тоа вие го тврдевте и кажувате дека ќе биде така.

Понатаму, говорите дали после тие години нашето Електростопанство ќе биде конкурентно за да може да се трансформира. Конкурентно Електростопанство да се трансформира, може да биде конкурентно за приватизација, ама таква работа после 3, 5, 7 години кога ќе имаме либерализација на пазарот и кога големите потрошувачи повеќе нема да бидат баласт на Електростопанство на Македонија сигурно дека таа ситуација ќе биде многу поповолна отколку сегашната и она што и господинот Ѓорчев говореше ние имаме голем проблем. Ние немаме производ. Ние во моментот купуваме 2,3 милијарди квч. Од 6,1 колку што можеме да ги произведеме. Тоа е нашиот проблем. Конкурентноста, која конкурентност. Значи, треба да постигнеме услов со либерализација на пазарот со донесување на законски акти, да донесеме луѓе кои ќе инвестираат, кои ќе изградат објекти и со тие објекти да ја направат и енергетската состојба подобра и од друга страна нивниот капитал да можат да го заштитат и да можат да работат. Инаку, на овој начин кога ние сето ова, 51% го продаваме кај некого апсолутно кој и да го купи, вклучувајќи ве и вас и мене секој ќе сака тие пари доколку можеме да ги повратиме. Тие се некаде 8 години кои што треба да ги вратат своите пари. Значи, тоа очекуваме. Ако имаме голема цена многу брзо да се покачи цената, како што кажавме и ММФ и Светска банка предвидувањата се наредните пет години цената нон стоп да се покачува, но како што кажавте регулаторите се тие кои што треба да одлучат, а регулаторите одлучија така што апсолутно цената на електричната енергија никој од нас не може да ја пресмета. Се движи од 20% до некаде три пати. Колку ќе биде, како ќе биде апсолутно не можам да говорам затоа што она што ви го прикажав како формулар, мислам дека помина една недела, има многу математичари тука но никој не ми објасни како и што понатаму ќе се движи цената на електричната енергија, според она што беше презентирано од Регулаторната комисија. Значи

тие проблеми што постојат помеѓу МЕПСО, помеѓу регулаторна комисија, помеѓу Електростопанство на Македонија во оваа ситуација апсолутно не се решени и не знам како сето тоа функционира, затоа што се префрла на МЕПСО ситуација кога сите долгови на Електростопанство ќе се префрлат на МЕПСО. Со што и како и кој може да каже тука колку електрична енергија ќе се спроведува по тие далекуводи, колку ќе биде цената за спроведувањето и колку средства од сето тоа ние ќе добиеме како држава и Електростопанство, бидејќи ние како Парламент застанавме како гарант зад средствата кои што се вложени во Електростопанство да ги вратиме парите. Сега ако сето она од продажбата на Електростопанство дојде се на МЕПСО кое што треба да ги враќа парите мислам дека тука повторно сме во погрешна насока.

Социјалниот аспект, за социјалниот аспект проговоривте затоа што вие како лаик кажавте дека во моментот производствената цена на електричната енергија е под она што треба да се добие, но што се случува.

Регулаторната комисија, која ја биравме сите ние како експертска досега ја нема променето цената на електричната енергија ни со еден цент. Сега нема тарифен систем, нема ништо по кое што ние ќе знаеме како и колку сега кошта електричната енергија и колку е депласирана или е повисока од онаа што е производствена и за неа Електростопанство на Македонија може да добива средства. Значи за тоа немаме апсолутно никаква информација ниту од Регулаторната комисија, ниту пак од Електростопанство, а уште помалку од Владата. Јас тука прашав некого, ми одговори дека Електростопанство нема барано, Владата ќе побара а на крајот ќе каже Регулаторната комисија, од објаснувањето дури тогаш не разбравме ништо, затоа што апсолутно моментот и начинот на кој што функционира Регулаторната комисија, барем кај нас е измислена како Регулаторна комисија која ќе биде параван на она што Владата го прави и тоа е токму така, за жал, затоа што во неа не дозволивте да има експерти, туку има луѓе кои што се бирани дали некој немал работа, дали некој бил од населба Дреновец и сега имаме проблем. Ќе го имаме проблемот уште поголем како ќе се одвиваат овие работи. Тука требаше да бидат овие експерти и сега ќе ни беше на сите полесно и ќе знаевме каде се движиме, ќе имавме планови што понатаму, како понатаму и дали се движиме во правилна насока. Сега тоа никој не може да го каже. Значи, стигнавме до она што ние цело време ги убедуваме луѓето дека треба да стигнеме во една ситуација, луѓето се плашат од приватизацијата затоа што во моментот во Македонија е многу актуелно Телеком и она што Телеком како приватизација е негативно и како сето тоа влијаело на граѓаните на Република Македонија.

Господине Најдовски јас ќе ве потсетам само една работа. Од 1991 до 1998 година се приватизира 90% од општествениот капитал во Република Македонија. Добиени се средства помалку отколку што се приватизираа останатите 10%. Јас ќе ве прашам дали тие граѓани, дали тие невработени, дел од нив, не знам дали бевте тогаш позиција или опозиција во Битола од 1994 до 1996 година се затворени 38 фирми и невработеноста од 10 илјади се покачи на 20 илјади луѓе. Тие фирми тогаш застанаа, не застанаа со Телеком. Во моментот државата побарува од Телеком 45 милиони евра дивиденда. 45 милиони евра е кредитот на Европската банка за обнова и развој за претприватизација на Електростопанство на Македонија. Вие кажувате дека тогаш со тие 700 милиони марки државата направила лош потег, но после шест месеци, после една година цената на сите такви објекти кои што се продаваа во нашата блиска околина постигнаа намалување на цената за 50%. Сега да ве потсетам уште една работа.

Сите закони за Телеком ги носеше претходната Влада и претходниот Парламент во кој што и вие бевте учесник. Значи до 1998 година е се донесено, приватизацијата е завршена после тоа. Со ова што вие го кажувате сега за Електростопанство, со Мајнелс банка и за не знам што тоа е се завршено и е извршена приватизација врз основа на она што било претходно напрапвено, но, тоа не е стравот на граѓаните. Стравот на граѓаните е во она што вие го направивте. Тука е стравот на граѓаните, таа приватизација и оваа приватизација. Ако од Телеком и од Електростопанство имаме вишок на вработени каде предвидувате тие 200 илјади луѓе да ги вработите, кои ги ветивте. Тоа е социјалниот момент на оваа приватизација. Средства што ќе ги добиеме едните кажуваат ќе бидат добиени, ќе бидат оставени, ќе бидат за инвестициони објекти. Кога последен пат се направил инвестиционен објект. Кога тие средства се префрлени таму каде што треба да бидат. Три години ви кажав дали имаме еден мегават ново инсталирана снага на енергија. Таква работа нема.

Од друга страна во вашиот говор кажувате дека треба да се седне и да се разговара со Синдикатот. Кога ние тука на една седница на Парламентот говоревме за синдикатот јас бев прекинат затоа што во тие моменти во РЕК Битола и синдикатот на Електростопанство на Македонија, независниот кој што доби на регуларни избори, демократски избори беше суспендиран со полициска интервенција. Кога тоа го кажавме тука тоа не е наша работа, Синдикатот е нешто друго, а сега викаме да ги одбереме луѓето и како ние со вистинските претставници на вработените и со нив да разговараме. Значи, можеби ги знаеме и луѓето како се викаат, како што е директорите на Електростопанство и со нив да направиме некои менаџерски договори и тука да ја завршиме цела работа. Изнесувате невистина затоа што во претходниот закон беше гарантирано дека пет години од после приватизацијата вработените ќе ги задржат своите работни места и 10% од акциите ќе им припаднат на нив. Претходниот Парламент не ја заврши работата на 102-та седница која што

претходниот закон кој што вие го донесовте од десет точки Владата прифати 15 амандмани и тука донесовте закон. Колегата пратеник кажа дека законот бил прецизен, точен, краток и се е во ред. Јас ќе прифатам дека е така, но што се случи на самата седница министерот да прифати, ако е тој од 11 члена 15 амандмани и со тоа законот апсолутно се промени. Вие не дадовте можност на таа седница да се проговори ниту амандмански, ниту седницата да се заврши и сега сте горди и кажувате дека беше во ред, но јас имам време како што кажа претседателот ќе станам на крај и ќе кажам кој што и како мислеше и како зборуваше. Значи кога говориме за политиканство мислам дека со самите говори видовме дека тоа е својствено како е својствено.

Јас ќе ви кажам една работа. Ако вие сега во моментов, пошто во вашиот говор кажувате дека најбучни се оние експерти кои имале некои средства од Електростопанство на Македонија, јас еве ќе ве прозивам лично да кжете кои се тие експерти, на кого мислите, затоа што вака ги ставате сите во ист кош и оние што работеле за ЕСМ и оние што сега работат, треба да ги кажете за кои експерти кажувате дека имаат личен интерес во целата оваа ситуација. Затоа што, сегашниот потпретседател на Владат тогаш кажа единствен интерес да се продаде ЕСМ во моментот има експертски тимови, вработените во ЕСМ и некои луѓе од Владата. Тоа се нејзини говори кои ќе ги цитирам понатаму за да не имаме некоја непрецизност и мислам дека тоа е во тој контекст. Затоа што, понатаму говорите дека 4-от дел од дилемата за приватизација во подзакриена форма, меѓутоа, опасна онаа наша македонска рекла-казала. Повеќе сега говориме за рекла-казала, ќе стигнеме многу назад или ќе одиме многу напред и ќе можеме да претпоставиме илјада работи кои што никој не ќе може да ги потврди и ќе закочиме токму тука. Значи и тоа е една политиканска работа која со рекла-казала ние не можеле тука апсолутно ништо да говориме со имиња и презимиња. Понатаму, говорите дека доволно е РЕК Битола да го снабдува со тоалетна хартија и со сапунчиња и да бидеш многу јак бизнисмен. Вие алудиравте на претходното раководство и претходната Влада. Ех, сега, јас ќе ве прашам дали денес РЕК Битола работи со одмивање или повеќе не треба тоалетна хартија и сапунчиња, па сега никој не прави бизнис или пак во оваа ситуација нема вработени по човек фирма, човек фирма каде што има повеше од 600-тини вработени од други фирми и кои се тие луѓе што работат сега. Затоа што 1100 луѓе без никакви структурни промени вие едноставно ги избркавте од работа. Структурните промени дојдоа на крајот на 2004 година и сега говориме за социјален статус. Од друга страна викате дека добивката е два милиони евра. Тоа е прикажано од ЕСМ, но се случи еве пред еден или два дена заменикот директор на генералниот директор господинот да каже дека добивката сега е 7 милиони евра. Сега незнам, можеби утре ќе излезе директорот за финансии и ќе каже дека е 14 милиони евра. Јас тука ви презентирав некои бројки каде што таа вредност може да достигне бројка некаде од 90 до 95 милиони евра. Значи, таа би била добивката кога ЕСМ би се ослободила од некој баланс и работењето што тие го имаат. Некој се смее, но, треба да ги види фактите, затоа што ДДВ кое што го плаќа ЕСМ кон Владата на Република Македонија, кажав која е вредноста и каде завршуваат тие пари. Можеби е смешно, но ако стигнете во ситуација да го продадете за 300 милиони, дури тогаш ќе биде смеата многу поголема и не знам како ќе заврши. Дека сте за многу промени и структурални промени, реформи, ова, она, не убедивте сите, затоа што од една страна сега бараме државата да има контрола, значи да стане јавно претпријатие или државна фирма, од друга страна да го приватизираме ЕСМ и на таков начин ќе функционираме.

Понатаму, говорите дека се наследени во 2002 година многу дубиози или незнам уште какви други работи, но еве за жал, локалните избори покажуваат нешто каде што сегашните нови раководства кои што доаѓаат на места не вакви дубиози што не можат ни со два буџети на локалната самоуправа да ги покријат, но за жал тоа се случува сега во 2005 година. Вие сигурно за тоа не сте информирани или не знаете, па тука го правиме она што требаше да го кажете порано. Затоа, говорите дека ние овде на говорница сме застапувале едни тези, а после тоа надвор не можеме отворено да разговараме. Не, господине Најдовски, секогаш тезите што тука се презентирани се говорат и надвор и секогаш ќе биде така. Од тоа нема никакво поместување и секогаш ќе биде така, барем додека сум јас тука можам во мое има да говорам, не можам во ваше име да говорам, затоа што ако говорите за политиканство јас ќе морам да ве потсетам на многу работи, затоа што многу често на цела коректност, на се она што се обидувам, барем како сограѓанин да функционираме, апсолутно не функционирате така, бидејќи со политиканство и демагогија со која што се користите, јас кажав граѓаните се тие кои на крајот ќе одлучат што е и како е. Но, јас би ве запрашал како вие, ветувајќи дека нема да коалицирате со господата од ДУИ, денеска сте заедно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски вие реплицирате, а рековте дека имате збор. Ако реплицирате во форма на збор до точката на дневен ред, а ако реплицирате односно ако вака реплицирате тоа што го кажавте, тогаш имате три минути. Држете се до тоа, ве молам. Реплицирајте во врска со точката на дневен ред, а не во врска со тоа дали некој нешто ветил или не, бидејќи тогаш тоа е реплика, а не збор. Говорете.

**Спиро Мавровски:** Јас мислам дека за расчистување на работите тоа е ваше лично мислење дали некој ќе каже вака или така, но мислам дека немаше никакво предупредување кога се кажаа невистини во однос на она што пратеникот го мисли во однос на одредена личност.

**Љупчо Јордановски:** Не, господине Мавровски, кога зборувавте за тоалет хартии воопшто не ве

прекинав, бидејќи тоа беше кажано и тоа е во врска со Електростопанство, а реплициравте. Но, сега зборувате за нешто што нема врска со електростопанство, а не е ни спомнато во говорот на господинот Најдовски, а вие реплицирате и барате збор. Повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Значи, тоа што беше спомнато и што беше говорено колку што се заработи од Телеком, ќе има и од Електростопанство на Македонија. Но, таа е желбата, па ако е таа желбата кажете дека за тоа треба да расправаме. Немојте на крајот да се криете зад интересите на граѓаните. Интересите на граѓаните се обидувам да ги изнесам тука, затоа што некој на граѓаните им ветил и тоа е политика, нормално, дошол на власт и нешто треба да исполни. Сега, зборуваме кога ќе стигнеме во таква ситуација, после тоа следи политиканство. Политиканството е она што сте го ветиле ништо да не направите од сето тоа и да кажувате дека некој во своето барање за референдум или во барање за промена на некој закон користи политиканство, за да може да ги придобие граѓаните. Е, сега, ако не е политиканство сето ова што го кажавме досега, јас очигледно дека ќе треба да реплицирам три минути директно врз основа на се она што го говореше господинот Најдовски, еве ќе ја задоволам формата ако е така и ќе си земам за право да ги искористам после тоа моите три минути. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Вака да се договориме. Бидејќи, господинот Марјан Ѓорчев имаше реплики, може да завршиме со репликите на господинот Ѓорчев. Не можеме да завршиме сега, па ќе заборавиме што зборувал господинот Марјан Ѓорчев. Затоа, ќе за вршиме со репликите на господинот Марјан Ѓорчев, а потоа ќе ви дадам збор господине Најдовски да реплицирате на ова што е досега кажано од страна на господинот Мавровски.

Повелете господине Глигориевски имате три минути реплика на господинот Марјан Ѓорчев.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека ќе се в ратиме на правиот тек на работите. Господине Ѓорчев, попосле ќе се јавам за збор, па некои контратези ќе ги изнесам на самата говорница, а она на што сакам да ви реплицирам е она што нема да го кажам тогаш.

Прво, цело време зборувате за можната приватизација на електроенергетскиот систем на Македонија и мислам дека доведувате во заблуда, дали намерно или ненамерно, точно е дека ЕСМ АД за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија е најголемиот и највредниот дел од електроенергетскиот систем во Македонија. Меѓутоа, ние и со овој закон и евентуално референдум, не зборуваме за приватизацијата на системот, туку за АД ЕСМ. Затоа што, од електроенергетскиот систем се оттргнати мнгу важни алки кои во суштина не се цел на приватизацијата. Значи, МЕПСО-то со сите структури на преносот, на дистрибуцијата и на пазарот на електрична енергија.

Втората работа зборувате за тоа дека Македонија нема закон за води, а бевте министер за земјоделство, колку што се сеќавам, Македонија има закон за води и сега за некоја од наредните седници имаме и промена на тој закон, нов закон за води. ЕСМ за секој произведен киловат час електрична енергија си плаќа на фондот за води одредена надокната и тоа ќе си го плаќа евентуалниот странски купувач на ЕСМ и тоа не е ништо спорно. Меѓутоа, по мене, спорно е вашата загриженост за хидропотенцијалот на Македонија и она малку што го има Македониа во време на вашата Влада, седумте мали хидроцентрали беа дадени на Чешката фирма Хидропол или македонската МАК-ХИДРО и годишно за сопствената електрична енергија ЕСМ плаќа по 4 милиони евра, значи за 2003, за 2004, оваа година како што е добра со водите, можеби исто ќе биде. Освен што бевме сведоци на турање на камен темелникот на Матка, ништо од тоа пари не видовме, се затоа што единствената најважна клаузула во Договорот, која е потпишана од претставници од ваша страна, дека Договорот во никој случај не смее да се прекине или ако се прекине ЕСМ или Владата треба да и плати на фирмата 90% од проектираните добивки за 11 години. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев вклучете се имате една минута контрареплика.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине Глигориевски, ЕСМ реков дека претставува економска и техничка координација на сите фази на процесот на производство, пренос, дистрибуција ии потрошувачка. Со приватизацијата на ЕСМ онака како што е предложена со законот, за кој што се произнесов дека сум за референдумско изјаснување на граѓаните, ние дефакто дел од Електроенергетскиот систем го приватизиравме. Тука нема што да се реплицира на таа дискусија. А, ако зборувате за тие малечки хидроелектрани и за Законот за води, не беше донесен нов закон за води, а кога ќе се донесе Законот за води, тука сега како предлог, ќе образложам зошто јас како министер не го донесов тој закон за води.

**Љупчо Јордановски:** Кој има реплика на господинот Ѓорчев.

Повелете, госпоѓа Весна Борозан има три минути реплика.

**Весна Борозан:** Благодарам.

Се согласувам со тезата на господинот Марјан Ѓорчев дека опстанокот на електроенергетскиот систем е од витално значење за животот во Македонија воопшто, пред се, за економскиот живот и притоа многу е важнод а се настојува да се постигне што е можно пониска цена на Електричната енергија. Меѓутоа, нагласувам и строго опонирам на тезата која што притоа беше пласирана дека граѓаните гласајќи за приватизазција на ЕСМ или против приватизација, всушност гласаат дали да се покачи цената на

електричната енергија или не. Господинот Марјан Ѓорчев многу добро знае, оној момент кога оваа држава се определила за пазарно стопанисување, се определила за принципот дека цената на електричната енергија ќе зависи строго од трошоците за нејзино производство, пренос и дистрибуција. А, приватизацијата на ЕСМ, производството и дистрибуцијата, всушност е е ден од механизмите за подигнување на ефикасноста на работењето и со тоа контролирање на цената. Притоа, во прилог на својата теза тој спомна некои држави во кои што Електростопанствата не се приватизирани, има само некоку држави во Европа каде што електростопанствата не се приватизира, меѓутоа, инсистирам таму во сите тие електростопанства цената на електричната енерегија се одредува по економски принципи, а не диригирани од Владата или од некои социјална мотиви. Конкретно, во Хрватска, да речеме цената на киловат час електрична енергија е над 7 центи односно два ипол пати повисока од цената на електричната енергија во Македонија. Дајте да објавиме референдум и тогаШ да ги прашаме граѓаните дали сакаат да остане електростопанство на Македонијај во државна сопственост, меѓутоа, да плаќаат за електричната енергија 7,5 центи односно два ипол пати повеќе отколку што е сегашната цена. Работите мислам дека треба да се кажуваат вистински како што се. Исто така, следеше некое предавање за економијата на Запад, притоа таму кажа колегата Ѓорчев дека приватизацијата е направена заради излегување од рецесија на стопанството во Велика Британија. Зарем нашето стопанство не е во рецесија, господине Ѓорчев.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Госпоѓа Борозан, јас ги уважувам сите аргументи кои што ги кажавте и само за кратко ќе кажам дека она што го говорев јас беше мој агол на гледање за целиот тој процес на трансформација и преструктуирање онака како што јас го разбирам. Вие си имате ваши аргументи, јас ги уважувам тие аргументи, меѓутоа, морам да кажам дека јас воопшто не зборував нешто што беше некое предавање или незнам што, тоа беа компаративни примери да направиме споредба како други држави тоа го решавале во тој делокруг на електроенергетскиот систем и ние од тоа да извлечеме поука. Тоа беше само едноставно компарација како Република Македонија може да извлече поука од поразвиените западно европски земји.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Следен за реплика е господинот Голомеов.

Повелете.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе,

Би сакал на почитуваниот колега Ѓорчев да му поставам неколку прашања или едноставно или некои делови од неговиот говор да му ги оспорам. Се сложувам со многу аспекти одговорот на почитуваниот Ѓорчев околу ова суштинско прашање или комплексно прашање за Република Македонија и за нејзините граѓани. Меѓутоа, мене ме интересира ако ние бараме од граѓаните да се произнесат за едно вакво суштинско би рекол прашање, тогаш сигурно дека треба да ги имаат сите релевантни аргументи пред себе. Односно, не можам да се оттргнам од впечатокот дека дискутираме пред се дневно политички и дека вакви суштинскитеми, многу значајни и многу сериозни, приоѓаме и со дневно политичка аргументација или со едноставно собирање на голи политички поени.

Се постави прашањето какви се целите за продажба на Електростопанство од страна на господинот Ѓорчев. Јас ве прашувам и мене ме интересира како обичен граѓанин прво, потоа и како пратеник какви беа целите да се донесе на 20 септември 1999 година одлука од Управниот одбор на Електростопанство да се тргне во приватизација. Ова е проект на две Влади. Истиот консултант Мајнел банка и сега е консултант и ја води приватизацијата, можната приватизација на ЕСМ. Така што, не можеме да дискутираме како ништо да сме немале, никаков удел во целиот овој проект и сега едноставно дискутираме од аспект на опозоција и едноставно ги наоѓаме негативните страни околу приватизацијата на ЕСМ. Јас се сложувам дека е добро, прво, да се преструктуира ЕСМ, а потоа да се приватизира. Меѓутоа, се прашувам и поставувам прашање дали сме способни ние да го направиме тоа и зошто од 1999 година наваму не е направено ништо во насока на преструктуирање и зголемување на ефикасноста на функционирањето на ЕСМ. Која е реалноста со која се судруваме. Ние сме должни да го либерализираме енергетскиот Пазар со потпишувањето на Атинскиот протокол. Дали ЕСМ вакво какво што е без реална можност да се инвестираат квалитетни инвестиции во него, може да ја издри таа либерализација на пазарот.

Се поставува основното прашање дали РЕК Битола која произведува 80% од енергијата која има за 6,7 години уште резерви и има потртеба од 130 милиони евра инвестиции за раткрив, можеме ние да ги обезбедиме тие инвестиции. Се поставуваат и икс други прашања и тука е проблемот. Дали ние ќе го дозволиме тоа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Голомеов.

Господине Ѓорчев имате една минута. Повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине Голомеов, веднаш да ви одговорам јас верувам, а така е и моето размислување дека Македонија има способен кадар да го направи преструктуирањето сама.

Второ, јас и како министер во Владата го бранев овој модел, значи не е дневно политичка цел да се преструктуира електроенергетскиот систем во државна сопственост, па дури потоа да се трансформира со малцински пакет и тоа можеше да се направи, затоа што Македонија може да обезбеди, можеше да обезбеди во 1999 година да влезе СИМЕНС, да ја направи гасната централа и

токму затоа на македонскиот народ таа политичка групација ја казни, вклучително и јас во таа политичка групација и ние изгубивме на изборите.

Но, Македонија може. Ве уверувам дека ако влезеше Сименс 1999 година со 250 милиони германски марки, ќе го преструктуиравме електроенергетскиот систем.

**Љупчо Јордановски:** Следен за реплика?

Поверлете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Ѓорчев,

Во своето излагање направивте паралела со Телеком и Електростопанство на Македонија. Дали со вашето залагање за неприватизација, за непродавање на Електростопанство признавате дека е грешка продажбата на Телеком со 51% доминантна сопственост. Значи ли тоа дека претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, Либерална партија и ДПА нарпавиле грешка во продажбата на Телеком? Затоа што вака посочува вашето излагање.

Паралела, се согласувам, на Телеком и Електростопанство во делот на државни монопили. Се согласувам да правите паралела во делот на транспарентноста на процесот. Тотално нетранспарентен процес во продажбата на Телеком. А сега, ние како пратеници инсистираме на транспарентен процес на Електростопансто, што се случува во расправата, во јавноста што оди овие месеци.

Зборувавте, исто така за суверeноста во процесот, во приватизацијата. Ние се определивме за либерален пазар во Република Македонија. Тоа значи либерализација во сите сфери на стопанисување.

И, да ве потсетам на актот за обврзување што го потпиша господинот Груевски при продажбата на Телеком. Ние, најпрво, во делот на Еелктростопанството формиравме Регулаторно тело, независно, составено од експерти кои ќе го регулираат работењето во целата област. Додека во телекомуникацискиот сектор, отпосле, еве, со новиот Закон за електронски комуникации ја формиравме Агенцијата за електронски комуникации, што е независно регулаторно тело. Грешка во чекори на претходната Влада.

Вие кажавте “сиромашен човек не може да се бави со политика”. Како сиромашен, духовно или материјално? Затоа што имаа повеќе видови на сиромашни луѓе. Јас не би се согласила со ваквата теза. Јас ќе кажам нечесен и фрустиран човек не може да се занимава со политика. Чесни и одговорни луѓе секако дека треба да се занимаваат со политика, секако и со било која друга професија, како што е професијата политичка.

Затоа, не се согласувам со овие тези што ги кажавте во вашето излагање при паралелите и ваквата теза за политичарите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановаски:** Една минута господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Госпоѓо Ивановска,

Во моето обраќање до вас денеска не би го нарекол говор, тоа е претенциозно. Се обидов само да го кажам мојот агол на гледање. Ништо друго.

Дали е грешка или не Телеком или Електростопанство, утре како ќе се презива тоа, јас како пратеник, претставник на граѓаните од Изборната единица 4 си го кажав своето мислење.

А, кога говорев за сиромашни луѓе, не мислев на духовната и материјалната страна. Зборував за следното, капитализмот е класн општество. Во капитализмот е доминантна капиталистичката класа, а тоа се богатите луѓе госпоѓо Ивановска. Тие имаат и материјална и политичка и еконосмка моќ.

Јас прифаќам на сиромашните луѓе, прифатете како духовно или материјално, меѓутоа тие имаат можност само да зборуваат како јас што зборувам тука во Парламентот, а немаат можност да ги менаџираат потезите, како што тоа го прави капиталистичката класа во Македонското општество.

**Љупчо Јордановски:** Искрено да ви кажам, после вчерашните ораторски настапи, еден рече “Веќе во политикава нема леви-десни, нема демократи-конзервативци”. Тука сега со тоа се согласувам, гледајќи ги овие дискусии, изгледа има само позиција-опозиција.

**Марјан Ѓорчев:** Господине претседателе,

Јас сум претставник на Зермјоделско-народната партија и го кажувам своето мислење како претставник на таа партија.

**Љупчо Јордановски:** Добро, добро.

За реплика нема друг во врска со господинот Марјан Ѓорчев.

Тогаш има реплика на господинот Спиро Мавровски.

Реплика има господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, дами и господа,

Излегов за да го гледам господинот Мавровски. Јас имав една практика да не реплицирам со битолчани, а господинот Мавровски сакав да го гледам за да му кажам дека во сето она што го кажа, дека ни самиот тој не верува.

Прво, господине Мавровски, ми е драго што во вашата дискусијата сакавте да покажете дека Слободан Најдовски од 1990-та година, транзицијата, до денеска е најмоќниот човек во Република Македонија и за се што се случувало во Република Македонија е тој одговорен за лошото, а за другото сте вие добри.

Второ, морам да ви кажам директно, лажете кога зборувате.

Прво, точно е дека реков јас не сум стручњак и ќе ја прочитам реченицата:”Сакам да кажам дека не сум од оние стручњаци кои што знаат како се произведува електрична енергија, но сакам да зборувам за политичкиот аспект на предложената точка на предложениот дневен ред”. Тоа го реков.

И сега повторувам не сум стурчњак, од оние кои знаат како се произведува електрична енергија. Вие за тоа сте стручни. Но, јас сум стручњак за сите други работи, вие од другите работи немате поим. А, ќе ви кажам зошто:

Прво, сакам да кажам, лажевте од 1998 до 2002 година кога велевте за приватизација сте на ЕСМ или сега лажете.

Второ, за приватизацијата од 1990 до 1998 година, господине Мавровски вие се срамите тоа што го зборувате заради тоа што знаете дека јас немам ни една акција , немам ништо во врска со приватизација во Република Македонија.

Трета рабита, Закон за Телеком ние сме го донеле, мене ми се обративте. Господине Мавровски најдете ги стенограмите бев против кога се носеше Законот за Телеком. Следното околу бизнисите во РЕК , интересите на експерти и поединци раководители. Господине Мавровски сеуште тврдам дека имате интерес како бивши раководител на РЕК и како иден како што се гледате во Електростопанство на Македонија. И тоа го тврдам, еве господине Мавровски ќе завршам со следново. Со оглед на тоа што сакате да поврзете со одредени бизниси во РЕК, точно е она се што го реков, и ќе ве подржам ако побарате да се расветлат сите случаеви. И јас ќе завршам со оваа реченица, господине Мавровски, бидејќи верувате во религијата и јас, како Слободан Најдовски се колнам дека немам ниту еден денар ниту јас, ниту моето семејство влезено од РЕК. Заколнете се вие дека немате ниту еден денар, вие и вашето семејство на страна од платата што е во РЕК? А јас ќе ви кажам дека имате многу. Затоа, наводно, се грижите за интересите на вработените во РЕК. Лажете господине Мавровски и со ова се симнаа сите маски за наводното противење на приватизацијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски имате збор или контра реплика.

Една минута ќе ви биде доволно? Барате збор?

(коментари со дофрлања од место)

Ова зема погрешна насока.

**Спиро Мавровски:** Насоката ја зедовте, цела недела не прекинавте ништо, сега насоката продолжува ..

**Љупчо Јордановски:** Може ли вака да се договориме?

Кажете го тоа што мислите да го кажете за да одговорите и продолжуваме со она што е точка на дневен ред.

Господине Најдовски, договорено е?

(реакции од место)

Повелете господине, но немојте да бидете екстензивни.

(дофрлање од место)

Слушајте, ве молам, да бидеме, имаме “Денови на парламент”. Едно зборувавме таму на округла маса, поинаку се однесуваме овде.

(реакции со дофрлање од место)

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Добро, господине претседателе,

Бидејќи од говорница господинот Најдовски кажа некои невистини, а тие невистини ги слушавме и за време на Парламентарните избори од некој друг колега што не е тука сега и за кого ќе се поднесе кривична пријава за да може да го објасни сето ова, но за господинот Најдовски и за политиканството.

Господине Најдовски ќе ве прашам колку време имате работено во вашиот живот за да бидете стручњак или нестручњак, освен она што значи Младина, Сојуз на малдина, Синдикат, Парламент, не знам политичка партија или нешто друго, за да можете да бидете стучни и да ги знаете толку повеќе работите отолку што јас не ги познавам.

Јас, имав среќа или несреќа да работам цело време во РЕК-Битола, мислам дека е среќа, затоа што запознав доста добри луѓе со кои што и денеска се слушаме, разговараме и кои што ми даваат за право и можност да можам да ги застапам и нивните интереси и да ги знам и нивните права, обврски и она што се случувало, се случува и ќе се случува во Електростопанство. Дека кажав дека сте најмоќниот човек од 1990 година, мислам дек алажете. Таква работа немам кажано, ниту ќе најдете во стенографските белешки ниту пак мислам дека сте вие најмоќниот човек од 1990 година.

Но, има една ситуација што очекувам да ја разјасните. Вие, треба еднаш да расчистите дали сте биле позиција или опозиција. Секогаш кога се носи некој закон, за што после тоа има консеквенци, вие кажувате - јас тогаш бев опозиција и гласав против него.

Е сега, стигнавме во една ситуација, господине Најдовски, бидејќи ве ислушав и мислам дека ако не викам сега посилно од вас дека, не да не сум во право, сум апсолутно повеќе во право. А мислам кога човек не е во право се обидува со викање да надмине тоа што треба да го каже човечки овде и затоа немам намера да викам. Значи, бевте против донесувањето на Законот на Телеком. Сега бевте против многу други закони или бевте за некои закони, за кои што ќе морам да ве потсетам, и покрај тоа што можеби интимно сте размислувале, но ова што тука сте го направиле и што сте гласале, вие сте биле за тие закони.

Тоа што јас ви го кажав за демагогија и политиканство е токму тоа господине Најдовски. Вие излеговте во Битола, не јас и кажавте дека со ДУИ нема да коалицираме. Оние кои ги отепаа битолчаните, не знам вака, вие сега сте во коалиција ..

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, ве молам ..

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, јас ќе ве замолам..

**Љупчо Јордановски:** Момент,

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе,

Тука имаше “лажете”, “имате пари крадено”,”имате не знам што крадено”, вие не прекинавте никого. Сега ќе ве молам. Мислам, ако сакаме да ги расчистиме работите. Ако не, тогаш може секој од позицијата да кажува што сака да каже, а вие ќе кажете што треба ние да кажуваме. Ако мислите дека тоа е парламент, тогаш е во ред..

**Љупчо Јордановски:** Не, јас не мислам што е Парламент, јас ги гледам граѓаните горе, тие ќе кажат што е Парламент..

**Спиро Мавровски:** И, јас повеќе нема да доаѓам во Парламент и тогаш продолжете вие да работите.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам .

Значи, тоа е едната работа.

Друга работа, во таа Коалиција ветувавте вработување на 200 илјади луѓе. Тоа не го направивте. Тие 20-30 илјади луѓе што беа вработени од претходната власт, вие ги избркавте од работа. И сега кажувате социјални критериуми за она што се случува во Електростопанство на Македонија. Па, господине Најдовски вие гласавте за она што беше 1068 судбини, 1068 луѓе кои беа избркани од Електростопанство на Македонија. Вие гласавте за.

Сега кажувате да ги побараме вистинските луѓе со кои што Владата или незнам кој од вас ќе преговара и ќе понуди менаџерски договори за понатаму Електростопанство на Македонија да се продаде. Сега, за што говориме? За политика?! За политиканство, за демагогија? Кажете вие.

Понатаму, говоревте за донесување на огромни инвестици што Македонија ќе ја стават на прво место и во ЕУ, многу брзо ќе влеземе заедно со тие инвестиции, но за жал и она што значеше Југоисточна Европа, она што значеше Хрватска и Албанија, ние сега не можеме дда кажеме по инвестиции дека сме и на последното место. И тоа не можеме да го кажеме затоа што нема инвестиции. Во другите држави влегоа милијарди евра. Тука ние броиме, чешламе, но не можеме да најдеме ништо, за жал и тоа е една уште поголема демагогија.

Кажувавте дека ќе се намали сиромаштијата.Од 400 илјади стигна на 600 илјади. Невработувањето го решивте, но сега доаѓаме до она што е клучно и до она што граѓаните од Битола ве гласале да бидете во овој Парламентарен дом. Значи, вашето размислување за ТАТ и штедачите во ТАТ, за што ќе кажам дека немам ниту удел, ниту учество, ниту средства што ги побарувам, а тука поднесов три закони, вие бевте против сите три, од друга страна кажувате дека тие луѓе таму се профитери. Тоа јавно кажете го, кажете им дека начинот на кој што тие работеле и им кажувавте 2002 година дека 48% од акциите што тогашната Влада како сертификат ја постигнаа таа вредност, дека тоа е уште поголема кражба од онаа што сте им ја направиле 1997 година и дека тоа е начинот што понатаму Владата на СДС или “За Македонија” ќе обезбеди тие сертификати да стигнат до вредност од 100%.

Е сега, што се случи? Тие сертификати стигнаа до 1%, а вие со тоа што Законот помина, сега се и 0%. Значи, тие не постојат.

Ве прашав нешто, 1994-1996 година, 20 илјади невработени во Битола. 38 фирми се затворија. Вие, ако мислите дека времето, во тие 1998-2002 година е единственото време во кое што Македонија стигна толку назад, а заборавате дека 1998 година што наследи таа Влада за која што толку говорите сега, како дубиози, кога никој не знаеше каде му е главата а што наследивме ние во Електростопанство, има Записник од 300 страни, бидејќи тука гледам господата кои нешто разбираат од Електростопанство на Македонија се обидуваат да ни кажат за какви договори сме правеле.

1998 година, за РЕК-Битола, проверете ги сите оние записници што се направени и во кои што се говори токму за тоа која е состојбата што е наследена. Наследена состојба за нормална работа во наредните 12 дена. Оставена состојба со јаглен за работа во наредните 20 години. Таа е разликата, малку поголема и вие сега кажувате дека ќе имаме уште 6,5-7 години, па кој ќе ги даде парите, како ќе ги даде парите и тоа е клучното прашање.

Јас ќе ви кажам една работа. Господине Најдовски она што ги уверувавте граѓаните, кажувајќи дека се движиме кон Европа, еве тука ќе го земам само она последното, од спортот, дека фудбалскиот клуб ќе биде во Европа, вие ќе го помогнете, фудбалскиот клуб се растури од локалната самоуправа и повеќе нема никогаш да се собере. А вие, кога ќе излезете да кажете зошто е така , тоа е ваше право. На крајот, ќе морам да ви кажам нешто.

Дали е политика или е политиканство, во секој случај јас како битолчанец до сега никогаш со вас и со моите колеги од Битола не сум се обидол ниту да реплицирам, ниту сакам да навредам некого. Но, вие господине Најдовски, кажувајќи дека никогаш тоа не сакате да го направите, секогаш го правите. За жал. И, мислите дека на тој начин тоа е поентата кога ќе кажете дека ова е само говор, дека нема вистина, нема подлога, дека е политиканство и со тоа решавате се.

Е сега, вашето политиканство, ако можете да го видите, а треба да го видите, начинот на кој што сте моментално потпретседател на Собранието на Република Македонија јас, а мислам и поголем дел од овие колеги пратеници тука кои седат никогаш не би го прифатиле. Никогаш господине Најдовски затоа што една колешка од ваша политичка партија имала различно мислење и токму поради тоа да биде заменета, а вие да бидете на нејзино место, не знам вашето чувство какво е, моето чувство е многу лошо. Во тој случај ви кажувам дека политиканството се гледа само по делата на луѓето, а политиката е нешто поразлично.

Јас, во политика сум по доаѓањето во овој Парламентарен дом, значи некаде од август 2002

година господине Најдовски, другото е работа. Труд и работа господине Најдовски, така што тоа што го правев и што го работев го знам многу добро, а вие говорите за работи што некој ви кажал и добро рековте политиканството е рекла казала. И сега врз основа на рекла-казала го донесувате четвртиот заклучок и тука завршуува приказната. Но, во секој случај ваше е правото тоа што го кажавте и како го кажавте, јас и понатаму ќе се обидам да бидам коректен, но во секој случај она што значи политика, треба да биде политика.

Ние тука имаме различни ставови и различни мислења. Мислам дека непријатели до сега не сум формирал ниту од левата, ниту од десната страна, ниту овие колеги што се тука пред мене и се трудам секогаш, барем кон колегите да бидам максимално коректен, кон нивната личност, кон она што тие значат. Никогаш не сум употребувал зборови какви што вие се обидовте овде да ги употребите. И сега, знаејќи го сето тоа вие, едноставно, не можеме понатаму да разговараме, затоа што многу други личности кои го кажале тоа знаат дека не може да одговараат или нема да одговараат, затоа Што нешто ги штити и прави.

Тоа што јас имам најдобро го знам јас самиот и она што е презентирано во мојата листа е токму тоа што јас го имам. Тоа е дадено на Антикорупциската комисија и ако имате нешто како податок повеќе, ќе ве замолам да ми кажете што имам плус за да можам да си побарам, оти веќе по втор пат, по трет пат се случуваат вакви работи и време е да ми кажете што имам за да можам да си ги земам, ако се мои, оти на овој начин, мислам дека шести спрат и поткровје е малку повисоко. Така што тешко ми оди сега и поради проблемот со мојата нога, затоа што се обидував да ве гледам во очи и ќе ве гледам секогаш, затоа што можам да ве гледам. Но, тоа е ваше право и затоа размислите што и како е и очекувам да ми кажете.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со...

(Реагирање на некои пратеници од место).

Не научивте нешто за овие двеипол години сите пратеници. Ако се испровоцираме, ако си кажавме се едни со други да се испровоцираме е крај. Само ќе бидеме смешни пред граѓаните. Ѓе седнеме надвор и ќе се договорите што и како.

Ве молам господине Најдовски кажавте, одговоривте.

(Некои пратеници бараат збор за реплика).

Не давам реплики повеќе.

Господине Тома Глигоријевски имате збор повелете.

(И понатаму некои пратеници бараат збор за реплика).

Не давам реплики, сите имате пријавено збор и сите ќе дојдете.

(Ама како дадовте на претходниот-од место).

На кој претходен, на кој.

(И понатаму упорно пратениците од место бараат збор за реплика).

Заврши тоа, господинот Марјан Ѓорчев, јас прашав кој има реплика, никој не дигна рака.

Господине Глигоријевски имате збор.

Господине Глигоријевски повелете.

Господине Глигоријевски повелете.

**Тома Глигоријевски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

И моето мислење е дека треба да се вратиме на темата за која расправаме. Јас ќе се обидам во тој правец да дискутирам. Бидејќи ова ми е прво излагање од оваа говорница ако нешто погрешам ќе ме опомenete и ќе ми опростите.

Факт е дека темата продажба на Електростопанство на Македонија предизвикува големо внимание во јавноста во Република Македонија и тоа е нормално од неколку причини.

Електростопанство на Македонија по многу параметри е најголемата фирма во Република Македонија. Таа е фундамент на целото стопанство и многу субјекти имаат деловни врски и зависат од деловните врски со Електростопанство на Македонија, а на крај интерес за него пројавуваат и сите граѓани како потрошувачи на електрична енергија. Со тоа и одлуката дали и под кои услови да се продаде Електростопанство на Македонија е деликатна, меѓутоа иницијативата т.е. конкретниот предлог за одлука за распишување на референдум јас не ја прифаќам од следните причини.

Прво, не верувам во искрените намери на предлагачот дали со оваа иницијатива сака да се спречи продажбата на Електростопанство на Македонија. Според мене тоа е чист политички маркетинг, а тоа го мислам од следните причини.

Предлагачот е пратеник од политичка партија која го почнала процесот на приватизација. Тука беше спомнат некој датум од 20 септември 1999 година, кога Управниот одбор на Електростопанство на Македонија донел две одлуки.

Првата одлука е одлука за поведување на постапка за приватизација на хотелските и електроенергетските објекти на Јавното претпријатие, тогашно Електростопанство и

Втората одлука е одлука за поведување постапка за преструктуирање на Јавното претпријатие Електростопанство според студиите на Светска банка за обнова и развој.

Врз база на таа одлука уследуваат низ на активности од кои во јуни 2000 година со помош на германската консултанска фирма Конс-Алектра е донесен и на правен мастер план за приватизација на Електростопанство.

Во ноември 2000 година Владата одлучила да го отпочне тој процес.

Во март, април 2001 година е спроведен претприватизациониот тендер за изградба за одредување на консултант, а во ноември 2001 година Владата на предлог на Комисијата стручна одлучила да го прифати Извештјот на Комисијата и за консултант да го избере Мајнелбанк од

Виена. Во текот на 2002 година се почнати преговорите со Европската банка за обнова и развој за претоприватизационо вложување во Електростопанство. Значи, процесот кој сега се покренува да се спречи е почнат многу одамна и тоа од партија, поранешната партија ВМРО-ДПМНЕ, или коалицијата за промени, точно е дека сега се повеќе политички субјекти.

(Пратеникот Чедомир Краљевски од место вели: тоа е нов квалитет).

Да, а плус тоа оваа одлука како предлагачи ја подржуваат и некои министри кои учествуваат во процесот на донесување на тие одлуки.

Прво, можеме да се запрашаме дали луѓето го промениле мислењето, па ако тогаш мислеле така сега не мислат така и некои фактори одлучиле сега да има друг став. Јас не верувам ни во таа опција, бидејќи ако го промениле ставот процедурата за промена на тој став многу би била поедноставна со предлагање на измена на Законот кој го третира проблемот на преобразба и евентуална приватизација на Електростопанство на Македонија. Значи доаѓаме до заклучок дека целта на овој референдум има некои други цели и се поставува прашањето кои се целите на сегашната опозиција баш да има референдум по ова прашање.

По мене првата цел е ваквата расправа, користењето на ова актуелно прашање да се стекнат политички поени во јавноста дека сегашната опозиција е заштитничка на народот и не сака да го продаде Електростопанство.

Втората цел е со организацијата на референдумот и со евентуалното собирање на потписи ако не успее оваа иницијатива да се активира партиското членство, партиските активисти, да се потполнат дупките во организационата шема и структура за да спремно се дочекаат наредните парламентарни избори.

Третата работа е со тој процес и термините кои се потребни за изведување на референдумот ќе се одложи процесот и ќе се доведе во фаза приватизацијата на Електростопанство на Македонија да се решава во некоја идна Влада која нормално опозицијата со придобиените симпатии од претходните цели и освојување на власта ќе си ја земе за себе отпосле да го решава прашањето.

(Со седницата продолжи да претседава потпретседателот Слободан Најдовски).

Можеби некој ќе се запраша како сега ќе го продаваат Електростопанство а ако успее референдумот. Тоа е втората причина зоштојас не верувам во овој референдум, а тоа е и самото прашање и ако успее референдумот гарантира дека Електростопанство нема да се продаде според одредбите на овој и овој закон објавен во Службен весник тој и тој и дополнително со некој друг закон ќе се донесе одлука преку ноќ, а сегашните партии кои потекнуваат од тогашната ВМРО-ДПМНЕ се покажаа експерти за нетранспарентни приватизации, донесување на одлуки преку ноќ и утредента на берзата со трансакции приватизирање на фирмата со попусти и до 90%, приватизации со пренесување на монополски права на компании, како што е Телекомот и слично.

Третата причина зошто сум против овој референдум сме ми се чини и самите ние, и претходните дискусии кои се водеа, ние почитувани пратеници ќе го злоупотребиме референдумот, ќе го скараме народот. Едни ќе ги повикуваме да гласаат за да се продаде Електростопанство на Македонија, други ќе го повикуваме да гласа против затоа што тоа не смее да се продаде, трети ќе го повикуваме да не излегува на избори. Оние што гласале за продажба ќе ги наречеме предавници на државата, оние што гласале против ќе ги наречеме издајници и не сакаат да ја водат Македонија во Европа, третите и четвртите незнам како ќе ги наречеме и народот ќе го доведеме во ситуација јадниот он не ќе знае што ќе прави.

Четвртата причина зошто сум против овој референдум. Затоа што сакам да се почитуваат законите, а законите велат дека акционерско друштво ниту е претпријатие со државен капитал, ниту е јавно претпријатие, ниту ништо, туку е акционерско друштво каде што Владата во име на државата ги има акциите и за него важат Законот за трговски друштва како и сите други акционерски друштва помали или поголеми. Владата како претставник на државата т.е. Владата ја има улогата на Собранието на акционери во конкретниот случај. Владата е таа која што треба да донесе одлука и да си ја преземе одговорноста и одговорот на сите оние прашања кои и вие ги поставивте, а некои и јас ќе повторат и ќе поставам и јас.

Не може со референдум клучно прашање да се префрла на народот, па утре да викаме вие го продадовте сега немате струја, или немате струја затоа што не сакавте да го продадете, или незнам. Точно е дека народот и референдумот е од големо значење и има право народот да одлучува, меѓутоа мене ми се чини дека тој треба да одлучува за поголеми стратешки цели, а не нешто, што и стручната јавност се кара, па сега ние народот ќе го тераме и ќе се покриваме позади него дали треба или не треба да се продаде Електростопанство. Сигурно Владата треба да ги земе предвид добронамерните укажувања, да ги стави на вага сите аргументи за и против и да одлучи, меѓутоа во тоа треба сите да и помогнеме на Владата, а не од целите кои претходно ги спомнав, иницијаторите да се служиме со дезинформации, фрлање прашаина во јавноста на разни теми од кои јас ќе спомнам само некои.

Прво, основачкиот капитал или основната главница на Електростопанство на Македонија која предлагачот во своето прво излагање ја образложи и ја прочита од статутот на акционерското друштво Електростопанство на Македонија дека изнесува 38 милијарди и 848 милиони 180 илјади денари и дека основачкиот капитал на издвоеното МЕПСО од Електростопанство е 3 милијарди и нешто и дека

на времето кога тие ја правеле проценката незнам колку многу, многу било, а факт е дека

(покажува некои материјали на пратениците)

Ова е пријавата од трговскиот регистер за акционерско друштво од 21.09.2000 година кога Електростопанство е преобразено од Јавно претпријатие во Акционерско друштво, врз база на одлука таа и таа, кој не верува нека види дека основачкиот капитал е 41.904.581.782,00 денари. Значи точно колку што изнесува збирот на двете нови друштва, затоа што во меѓувреме државата ниту имала дополнително вложување па да и се зголеми или намали капиталот. Да бидеме прецизни на вистината, ако сакаме да бараме влакно во јајце е дека сегашниот збир на двете претпријатија вреди за 782,00 денари помалку, ама и тоа има своја причина, затоа што акциите по законот мора да се заокружат на цел број, а акцијата во старата одлука вреди 1000 денари и не може некој д аима акција од 0,782 денари и најверојатно судот под притисок што побрзо да се стигне со процесот на приватизацијата или не видел, или не смеел да види така поминало, инаку правно гледано ако сакаме да сме формалисти тие во вредноста не смееле, требало да се заокружи или на 1000 денари, ни повеќе ни помалку.

Следната невистина која се пласира во јавноста е дали Електростопанство се продава, распродава, па што ќе ги продадеме хидроцентралите, што ако некој ја купи само дистрибуцијата -Скопје, што ќе правиме вака, што ќе правиме онака за да после откако фрлиш дезинформации во јавноста ти треба време да ги повратиш работите на право место се објасни дека цел на приватизацијата на Електростопанство и предлогот на законот е дека треба да се продадат акции и тоа доминантен пакет, а акциите по суштина на законот на акцинерот сопственик му гарантира само три права. Третата е учество во ликвидација, што за Електростопанство не важи, или ако евентуално оваа фирма се ликвидира ќе се ликвидира вредноста, а дејноста ќе мора да ја преземе според Законот некој друг.

Второто што му гарантира на сопственикот на акции е право на распределба на добивка или дивиденда, што во овој случај на Електростопанство е 6,8 милиони евра прикажана добивка за минатата година или 2 милиони евра планирана добивка за оваа година, или нула милиони евра позитивна нула за 2002 година и незнам наназад колку плус позитивни нули. Како Електростопанство ќе може да печали 90 милиони евра добивка од вкупен обрт годишен 300 милиони тоа јас мислам почитуваниот Мавровски ќе треба веднаш да го туриме во бордот на директори и во ЕСМ и во сите европски електростопанства.

Следната дезинформација која се пласира е правата вредност на електростопанства и се калкулира со вредноста на објектите кои ги има Електростопанство како да некој иден купувач ќе земе и ќе ни ги однесе хидроцентралите и водите и термоцентралите и незнам што ќе прави со нив заборавајки дека инвеститорите ги интересира само можноста за профит и дека во такви случаи вредноста на компанијата ја одредува точно само можноста и проценката колку компанијата ќе оствари профит и дека акциите не се акции на сопственост, туку најважната придобивка од акциите е правото на глас на Собраниеот кое носи управувачко право на акционерот, а кога он управува со претпријатието има начини и без добивка како да работи и како да печали. Значи правата вистина е дали тој бизнис со електричната енергија треба да се препушти на странски инвеститор, а не дека некој ќе ги има хидроцентралите. На крај краишта он не ги сака хидроцентралите и термоцентралите затоа што му се само трошок. Ако било така ќе си ги земе само саатите што вртат и покажуваат колку струја треба да се плати. Ништо друго не ми треба. Меѓутоа овие суштински прашања некако не наидоа кај јавноста и јавноста многу не ги знае, овие не се ударни теми, некако слаб беше одзивот па опозицијата да изнајде некои други бомбасти наслови за да го сврти вниманието и за да го придобие народот. На пример цената на електричната енергија со приватизацијата ќе скокне 300%, а на укажувањето на експертите дека 15-20% е нешто реално веднаш се бара сметката како ќе биде, а незнам која е сметката дека 300% треба да скокне цената на електричната енергија. Вистината е дека во овој момент и покрај прикажаниот план дека Електростопанство треба да оствари 2 милиони евра добивка во 2005 година е дека тоа ќе се оствари дел од камати, дел од други дејности, а само од бизнисот електрична енергија Електростопанство е во загуба, затоа што производната цена на електрична енергија му е просечна 4,3 центи, а продажнта цена му е 4,1 цент.

Значи, 0, 2 центи на 4 центи, тоа му доаѓа некаде околу 5% цената на електричната енергија во овој момент е теоретски депласирана. Ако на тоа се додаде фактот дека никаде во светот нема теоретска наплата од 100%, а дека финансиските планови се прават вкалкулирана 100% наплата, на основа на фактурирана вредност и ако претпоставиме дека со добра наплата од 90 или 92% што е реално максимално за Македонија и оние 5 од депласираната цена, ќе се дојде до проста рачуница дека Електростопанство во овој момент му треба некаде 15 - 20% покачување на цената за да работи релаксирано и да ги исполнува сите услови кои се предвидени и за работа и за одржување и за вложувања инвестициони и да го оствари тој минимален профит што е планиран да се оствари. Меѓутоа, цената ако скокне 300% делува бомбастично, поготово ако се приватизира. Цената на електрична енергија може да скокне, тоа се факти и за оваа состојба и за овој статус на Електростопанство. Но, знаете како е, за ден, два се поминува и мора да се најде нешто ново, па одеднаш во јавноста ако се приватизира е Електростопанство секој граѓанин ќе мора да плати по 500 евра за нов саат. Саатот кој ја мери, мерилото кое ја мери количината на потрошена електрична енергија, точно по стариот Закон за

енергетика, мислам стариот закон кој сеуште е на сила и е во сопственост на граѓанинот, меѓутоа ако инкасаторот утврди дека тоа не е исправно, дека оддудара, дека стои, не врти, има право да го земе и да го носи на баждарење. Ако тоа броило е од старт, бидејќи ние имаме броила и од 1945 и 1950 година уште не сменети, може Електростопанство да му наложи на потрошувачот да си го смени и да си купи ново броило. Меѓутоа, тоа не е проблем на приватизацијата, тоа и сега си функционира и воопшто не е поврзано дали ќе се продаде пакетот на управување или нема да се продаде. Така, и тоа некако помина, па на крај дојде можеби мислев дека дојде најголемата лага, менаџерите на Електростопанство си обезбедиле по 200 илјади евра опремнина и тоа ќе влијае на цената на продажба на Електростопанство. Бидејќи, бев еден од менаџерите на Електростопанство до 20 април откога сум пратеник во Собранието на Република Македонија како заменик генерален директор и имав потпишано таков договор, да ви кажам право некако сакав да им поверувам на опозицијата да ги најдам каде се тие пари, но некако читај, читај, но ништо нема од тоа. Секако, на крајот за да се изнесат правите бројки, правите факти и правите услови кои ги пишува во менаџерските договори и условите под кои менаџерите евентуално имаат право на оштета, меѓутоа, далеку од овие бомбастични изјави кои на А1 достигнаа и до милион евра. Мислев дека со тоа ќе заврши, меѓутоа, вчера ја слушнав уште поголемата пласирана лага на пресот на ВМРО-ДПМНЕ. МЕПСО нема правна рамка за функционирање, па тоа знаете што значи? ако сега отиде некој инспектор учен, недоучен да наложи МЕПСО да го затвори и диспечерскиот центар да се исклучи, трафостаниците да се исклучат, преносниот систем да се исклучи, како може МЕПСО да нема правна рамка да работи не знам било вака, и не знам било онака. Сега, со МЕПСО ќе се креираат некои невистини и сега после една ваква невистина, нормално е да очекувам дека и во наредниот период, не можам ни да претпоставам што се нема да се измисли.

Почитувани пратеници, во овој процес добронамерните треба да укажат што треба да се догради во законската регулатива и што треба да се предвиди во тендерот, да се доизградат условите за продажба, за да евентуално не се случи нешто да ни промакне дека не знам професорката Николовска вика дека корпоративните договори не важеле за вакви случаеви, дали важи или не, меѓутоа, точно е дека Владата треба да мисли и сите услови стрикно да ги предвиди во тендерот и во договорот за продажба. А, тука сигурно треба да има место и за социјалниот статус и за вработените, за планираните инвестиции во Електростопанство, со кои Македонија ќе си обезбеди електрична енергија од сопствени потреби и друго. Треба да ни биде јасно што повеќе услови, цена помала. Тоа е нормално, ако на идниот евентуален сопственик му ја пренесеме и обврската, како што сега ја има Електростопанство на Македонија да ја собираат дифузната такса, па ако на тоа надодадеме зошто пак во сметката за електричнаенергија да не плаќаме и даноци и такси и ова и она и одговорноста да му ја префрлиме на идниот сопственик, нормално тој ќе се јави за да купи. Меѓутоа, сето тоа и сите поголеми услови ќе ретерираат надолу со цената. Затоа, треба да се направи рамнотежа, баланс на барањата и да се одлучи што, како и дали под кои услови да се продава.

Одговорот на прашањето дали да се продава Електростопанство на Македонија се крие во одговорот на повеќе прашања, кои со право беа поставени од повеќе пратеници.

Прво, која е цената што ќе ја добиеме со Електростопанство на Македонија, со продажбата на управувачкиот пакет на Електростопанство на Македонија и дали евентуалните ризици од продажбата вредат со таква цена. Јас ќе ви кажам пример кој обично го кажувам дека ако имате некој стан тука во околината на Скопје, не мора да е многу голем од 70 квадратни метри, на убаво место, паркче, блиску градинка, блиску школо и се е убаво и не е за продавање. Но, ако некој дојде и понуди милион евра, како што пишуваше во менаџерските договори, тогаш ќе го продадете со се ствари. Меѓутоа, второто прашање е што со парите. Ако веќе решивте да го продадете станот и да ги земете милион евра, ако со парите мислите да ги прокоцкате, да ги пропиете и да ми извините да ги прокурвате, тогаш подобро да не го продавате ни за два милиони евра. Затоа, Владата треба да има и стратегија што ќе продава и како ќе продава.

**Слободан Најдовски:** Господине Глигориевски, ќе ве молам на парламентарната говорница да ги употребуваме зборовите кои се адекватни.

**Тома Глигориевски:** Се извинувам.

Значи, третата работа е дали започнатиот процес може да се запре и да каде е навлезен процесот на приватизација. Јас зборував за одлуките од претходната Влада, меѓутоа, кажа некој дека е ова проект на две Влади, дека Собранието го донело Законот за приватизација и дека веќе е потпишан договорот со Европската банка за претприватизационо вложување од 45 милиони евра, кои доколку не се исполнат условите за приватизација, ќе прераснат, ќе се преобразат во кредит со неповолни финансиски услови. Извршени се значајни поместувања во реструктуирањето, одвојувањето на преносната мрежа во МЕПСО и на крајот на краиштата Владата на 26.01.2005 година донела одлука да отпочне постапката за приватизација на Електростопанство на Македонија со, да кажам, по динамичкиот план, веќе во мај месец да се објави тендерот.

Дали сите овие активности кои траат шест години и кои некој ги нарекува многу брзо се оди и не знам што значи за македонски поими многу брзо, а што значи споро, ако процес кој трае шест години, викаме дека треба да го запреме и дека треба да го успориме. Колку е брз процес кој трае шест години, не ми е јасно, но процесот дошол до

крај и јас се плашам дека прекинувањето на процесот во оваа фаза ќе има последици по државата дека ние не сме сериозни како држава и дека еднаш зборуваме едно, а правиме друго. Едно зборуваме, друго мислиме, трето правиме. Дали треба да се продава Електростопанство на Македонија, Владата треба да пресуди од економска логика. Продава оној кој нема пари, кому фалат пари, а купува оној кој има пари и сака да инвестира. Меѓутоа, дали дупките што ги има Владата, државата се до толкава мера, дали ножот е влезен до коска, како што вика народот, што веќе немаме друго чаре, туку мораме да го продаваме Електростопанство на Македониј. Ако е тоа така, тогаш е јасно зошто Владата го продава Електростопанство на Македонија, затоа што странски инвеститори, фирми во кои се држат 2, 3 собранија на акционери и не се знае кое е валидно, кое не е валидно, фирми во кои стечаи се водат со години и не сака никој да ги купи. Фирми, во кои едното се продава, а вредноста на компаниајта се ја префрлиле на друга компанија како Македонија Табак, Македонија Табак 2001, такви партал фирми никој не сака да купи. Исто како и човек кој ќе дојде во финансиска состојба, во финансиска криза, не може од неа да излезе, продавајќи партали, туку мора да продаде нешто вредно.

Следно прашање кое е битно за продажба на Електростопанство на Македонија е, дали може Владата, поранешната, оваа, идна, од било која политичка опција, да не влијае политички врз работата на Електростопанство на Македонија. Може ли да престане Електростопанство на Македонија да работи без, ало, Ламбе раскини го договорот со Геодетска управа, па склучи договор со БЛИФ, па БЛИФ пошто не може да ја заврши работата, ќе склучи договор со Геодетска управа и ќе си ја завршиме работата.

**Слободан Најдовски:** Господине Глигориевски, ќе ве молам да не ги спомнуваме лицата кои не се овде присутни и да се сконцентрирате на она што е предмет овде.

**Тома Глигориевски:** Се извинувам за лицата, не ми беше целта, нешто ако згрешам ќе ми простите, прв пат ми е. Значи, дали може Електростопанство на Македонија да работи без политички влијанија. Ало, не знам кој, отпушти ги нивните, прими ги нашите, па ало, другиот, врати ги и така до бескрај. Дали може Електростопанство на Македонија да работи со добивка и со профит на таков начин.

Следно прашање, кој гарантира дека во некое идно време нема на власт да дојде некоја клептоманска влада и клептоманско раководство да разграбаат и ова што останало од Електростопанство на Македонија, нормално, се на грбот на граѓаните, бидејќи сите се повикуваме дека ги штитиме граѓаните.

Почитувани пратеници, има и други прашања кои и вие ги спомнавте, да не ги спомнувам јас, сите тие прашања, сите тие дилеми Владата треба да си ги тури на вага, да си одлучи и да си ја преземе одговорноста. Моето мислење е, да го кажам, затоа што никогаш не сакам да зборувам без да кажам јас лично што мислам, е дека Владата до крајот на овој месец треба да го распише тендерот за продажба на управувачкиот пакет на екции на АД Електростопанство на Македонија, Акционерски друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија. Зошто мислам така? Затоа што од најзаинтересираните компании кои се подготвени да вложат во Електростопанство на Македонија се компании од европски, да не кажам од светски ранг. Не се фантом компании од Кипар, од Гибралтар, од Сејшели и слично. Значи, интересот на светските компании за Електростопанство на Македонија ќе ни ја одреди правата вредност на фирмата и дури тогаш да видиме дали ни се исплати и под кои услови или дали не ни се исплати да го продаваме него. Па, на тендерот може да се јават компании и да понудат по едно евро, тоа не е обврзувачки дека Владата мора да ги прифати понудите, а почитуваниот колега Ѓорчев во набројувањата на компаниите го спомна и Чешкото Електростопанство кое државата не го продала, меѓутоа, јас ќе му кажам, бидејќи имавме прилика да присуствуваме на презентацијата на Чешкото Електростопанство, чест во врска со заинтересираноста за купување на нашето Електростопанство, дека тие своевремено објавиле тендер за продажба на своето Електростопанство. Бидејќи, не биле задоволни од понудените цени, одлучиле државата да вложи, дел од вработените да се прогласат за технолошки вишок, но со многу поволни услови, колку што може Чешка како држава што е јака и дека сега таа компанија дошла на ниво да купува други компании. Ама пак кажав, дали нашата држава и нашата Влада има таква моќ или некој го дотерал, финансиски гледано, ножот до коски, па сега мора да се продава Електростопанство на Македонија, кое почитуваниот владика Кирил ја нарече Ѓердан со бисери и дијаманти наредени. Меѓутоа, ако треба да се продава ѓерданот го чувате дома, но ако мора да дојдете да го продадете, ќе го продадете цел. Ако мислите да му извадите два, три или пет дијаманти и она рестото да го продавате, тогаш не сте ја постигнале целта.

Затоа, Владата и покрај овие укажувања што ги има треба да размисли и да си ја донесе конечната одлука, а нам референдум по ова прашање не ни е потребно. Благодарам на вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигориевски.

Молам, од пријавените дали е некој за реплика?

Господин Стојановски има збор.

Повелете господине Блаже Стојановски имате три минути реплика.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас, за жал, можам да констатирам дека навистина првиот настап на колегата беше неуспешен, затоа што од начинот на изразување до тезите кои што беа презентирани преку оваа

говорница, се виде дека ако не ја промаши темата, требаше барем да има подостоинствен однос кон колегите пратеници. Целта на оваа расправа не е некој да расчистува сметки со некого, целта на оваа расправа е да се утврди иднината на Електростопанство на Македонија, на влијанието на таа иднина врз економијата во Република Македонија, врз социјалната положба на граѓаните на Република Македонија и воопшто во контекст на вкупната позиција на државата Република Македонија. Меѓутоа, фактот што вие наведовте дека истиот капитал од 2000-та година наваму, основен капитал зборувам, не бил ниту за евро зголемен, тоа дефинитивно покажува дека онаа структура или раководна структура која што ја дефинирала вредноста на Електростопанство на Македонија во Статутот кој што е објавен во "Службен весник на Република Македонија", не водела сметка за реалното зголемување на основната вредност на капиталот на Електростопанство на Македонија. Тоа е една работа.

Втората работа, сакам навистина да искажам овде едно задоволство пред колегите пратеници што јавно претставник на позицијата призна дека покачувањето на електричната енергија ќе биде 30%. Тоа може да го видите од стенограмите. Значи, признавате дека покачувањето ќе следи за брзо време. Знаете и покрај тоа што Владата сеуште нема објавено дека до крајот на овој месец ќе биде објавен тендер за продажба на Електростопанство на Македонија, без притоа да ги знаеме ниту ние како пратеници, ниту пак јавноста условите под кои што тој ќе биде објавен. Понатаму, задоволен сум што признавте дека радиодифузната такса, која што и покрај критиките од страна на опозицијата, владеачката коалиција не успеа да ја тргне од сметката за електричната енергија, признавате дека претставува тешкотија во функционирањето на Електростопанство на Македонија, како и сите оние такси за улично осветлување итн., што се внесени во сметката за електрична енергија.

И на крајот, за МЕПСО, кажавте дека правната ситуација била средена, меѓутоа, прашањето е од каде МЕПСО добила средства за финансирање. Дали од АД Електростопанство на Македонија или од Буџетот на Република Македонија или пак се работи за позајмици од банки кои што значат финансирање на ова претпријатие.

Благодарам.

(Дофрлања од место)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Ве молам, без дофрлување, без коментар.

Не го сфаќајте како коментар господине Стојаноски, но целта на расправата не е она што вие зборувавте. Имаме точка на дневен ред - Одлука за распишување на референдум Република Македонија, а не е таа цел што вие велевте.

Повелете господине Глигоријевски, имате една минута за контрареплика.

**Тома Глигоријевски:** Господине Стојановски, првиот дел на мојата дискусија беше дека јас не верував во вашите наоди зошто ви е потребен референдум и си искажав свои мислења. Сега дали вие ќе се сложите со  нив или не тоа е ваша работа.

Второ, претварање на средства во основна главнина си е регулирана со законот. Сега зошто државата не сакала ако имало помала вредност да ја зголеми основната главнина или не, јас не ја знам да ви кажам. Меѓутоа јас зборувам со фактите дека пријавата на компанијата во книгата за трговски регистар 2001 година и сега овие се со исти вредности, затоа што пратеникот Спире Мавровски наведуваше дека биле различити и дека била депласирана цената. Инаку, преносот МЕПСО сега, тоа и порано бил електропренос, вон системот на ЕСМ и функционирал и сега повторно е во Електростопанство. Во рамките на сегашната цена си има своја вредност преносот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигориевски.

Збор има пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе,

Предлагачот дојде.

На почеток малку да ја потсмириме атмосферата. За жал, како еден навивач на Вардар, ќе му ја честитам вчерашната победа на ракометниот клуб Пелистер, но ќе си го задржам правото да навивам за другиот противник во финалето.

За жал и денес отидовме и зборуваме за се она што не треба, но сметам сепак е добар потез што и денес имаме седница на Собрание и практично оваа седница да се приклучи кон добрата идеја на претседателот на Собранието во оваа отворена недела на Собранието, иако сум присталица, дека не е прв пат Собранието да е отворено. Тоа е постојано отворено и постојано имаме контакти со граѓаните.

Реков, за жал, многу контрадикторни работи слушнавме. Слушнавме дека "Сименс" во 1999 година кога влегол, ВМРО немало да ги изгуби изборите. Сфативме дека господинот Ѓорчев, за жал, не знае дека денес е 12 мај 2005 година, и дека ние како држава сме се определиле за пазарно стопанство и дека некои тези на Карл Маркс кои биле добри, можеби во даден момент не донеле продуктивност и ефикасност на многу компании и тие тези добро е да ги размениме во Собранието затоа што граѓаните треба да прават разлика која е заложбата на СДСМ, дека тие се залалгаат за пазарно стопанство, влегување во ЕУ и НАТО, а кој се залага за враќање неколку години наназад.

На почеток ќе си дозволам уште два коментари.

Господине Стојаноски две ипол години јас не ве разбирам што зборувате, па никогаш не сум си го дозволил тоа право да го критикувам некој пратеник на првиот негов настап. Никој не ви го дал тоа право. Сите сме тука еднакви, сите ги искажуваме нашите ставови и не мислам дека

кажуваше нешто лошо. Ако ве погодило тоа, тоа е ваш проблем.

А господинот Крстевски не е тука за да му ја објасниме процедурата, бидејќи очигледно не го знае Деловникот за работа, но за тоа, ако се појави овде во салата.

Нормално, ќе дојдеме, ќе кажеме нешто колку да не видат на телевизија, алиби, да ги земеме дневниците и ќе си отидеме дома. Тоа е политиката овде во Собранието.

Сега, доаѓаме до темата на денешната точка која треба да претставува расправа, како што е предложена, за важење на еден закон или не донесен во 2004 година. Но, никако, или јас барем мислам дека се демистифицираат во јавноста, предлагачите, дека апсолутно не станува збор дали сакаме да важи овој закон или не, туку сакаме да добиеме во време, сакаме да добиеме поени со популизам, кој за жал многу партии фрли во изолација и никако да ни дојде паметот, не знам зошто, дека со популизам ништо не се постигнува, а тоа господинот предлагач го осети на изборите. Значи популизмот престана да проаѓа во Република Македонија и со популизам не се победува, не се станува ниту пратеник, ниту градоначалник.

Тука сме на клучното прашање, дали или кој овде во ова Собрание се залага за приватизација на Електростопанство или не, или дали сме или не сме за приватизација на Електростопанство, зошто, ако е така ќе си го поставиме тоа референдумско прашање, дали сте за приватизација на Електростопанство и тогаш граѓаните да одлучуваат по тоа, а не алиби да се криеме зад некој постоечки закон. Но, очигледно, денес, реков, сфативме, се демистифицира и минатата недела и сега, дека не сме, заправо не сме во овој момент за приватизација, а опозицијата е за приватизација, но во некои други услови. Или да го кажам со аргументи или да цитирам:

Господинот Ѓорчев кажа денес, ние сме за приватизација, го цитирам господинот Ѓорчев како претседател на Земјоделско-народната партија, дека тој бил за приватизација, ама не во оваа фаза. Во која фаза? Кога ќе дојде Земјоделско-народната партија на власт? Никогаш таа фаза нема да дојде. Таа спирала излегува и никогаш не доаѓа.

(Реакции со дофрлање од место)

Или пак, господинот Мавровски, тој предлага закон, ама во своето обраќање вели: - “Против ваквиот закон, да донесеме прав закон, (бидејќи овој крив е), во кој ќе кажеме што и како ќе се приватизира, колку ќе се приватизира, што ќе се приватизира, што понатаму со вработените, што понатаму со граѓаните (што има врска Законот со граѓаните) што со цената”. Значи и опозицијата, почитувани граѓани на Република Македонија е за приватизација на Електростопанство, ама по некој друг модел. Оваа Влада го задржала истиот консултант што го ангажирала претходната Влада, ги слуша експертите и советите што доаѓаат од тој тим, од други тимови и избира модел за приватизација и тоа не го избира малцинскиот, каде тоа се прави во 4 очи, туку го избира оној што оди на меѓународен тендере каде што се присутни сите меѓународни компании кои сакаат да дојдат во нашата држава и да инвестираат, а не доаѓаат било кои компании. Доаѓаат и германскиот ЕОН, како компанија заинтересирана да инвестира или да го купи делот што се продава. Тоа е компанија со 7,4 милијарди евра, нето приходи, 70 илјади вработени, која секојдневно снабдува со електрична енергија и гас 22 милиони корисници во Европа или пак заинтересирано е чешкото електростопанство ЧЕС кое во своето СВ-ив ќе каже дека неговите акции се зголемени за 132%, а опслужува 6,7 милиони потрошувачи во Чешка, Бугарија и Романија. Затоа не се тоа некакви фирми за кои потеклото само вие го знаете, бидејќи јас прв пат слушам за таа држава, туку се реномирани компании кои сакаат и го гледаат ова подрачје како стратешко подрачје во кое можат да инвестираат и нормално да заработат.

Сега очигледно повторно ќе треба да се вратам на моите дискусии како опозиција, бидејќи, реков, еднаш имавме седница кога зборувавме за состојбите во Електростопанство, бидејќи, практично тоа е темата денес. Тоа и господинот Мавровски самиот го кажува во своето образложение, ќе биде добро да направиме една седница, повторно да проговориме за ЕСМ, во присуство на генералниот директор, на министерот за економија и едноставно да добиеме една претстава и вие, пред се, и граѓаните на Република Македонија до каде се работите во ЕСМ. Ние никогаш не сме бегале од тоа. Зборувавме и тогаш кога беше проблемот со превработеноста и кога имавме уште една информација и за Законот и секогаш сме ги прифаќале предлозите на опозицијата и овде сме дискутирале. Да не ве враќам во минатото, колку реткост беа пратеничките прашања, а не да се зборува за некоја информација. Затоа денес, или овие денови се расплинавме и зборуваме за се и сешто и за состојбите во ЕСМ, па тогаш ќе ми дозволите и јас да си ја повторам, дел, по трет пат дискусијата, значи два пати како позиција и еднаш што сум ја кажувал како опозиција, затоа што мојот став и ставот на СДСМ не е изменет.

Ние и тогаш велевме ЕСМ прво мора да се преструктуира, да се донесат закони согласно директивите и потоа да започне процесот на приватизација. Единствено ми е дилемата со оваа одлука за референдум што ја нудите, што со тоа поништување што евентуално сакате да го направите, паѓа во вода и одредбата од членот 7 која кажува дека приватизацијата на АД ЕСМ или на друштвата основани од него, може да вклучи и пренос на акции, безплатно или по повластена цена, од основната главнина на АД ЕСМ, на друштвата основани итн. Значи вработените каде што гледаат некоја шанса, да се поништи, да не можат да добијат ништо.

Она што нвистина не можам да го разберам е што се направи споредба со продажбата на Телеком за што тогаш некој не убедуваше дека 51% се тие

што требаат. Заборавија дека цените на телефоните порагнаа 300% и веројатно, знаејќи што направиле, тоа 300% им е тоа што им е во главата, па мислам дека и ова што го предвидуваат консултантите дека максимум 20, значи максимум 20 може да дојде до покачување, а реалноста, зборуваше господинот Глигоријевски и за една неуспешна и лоша приватизација како што беше Телекомот, сакаме да направиме некоја игал ситуација овде во Парламентот и да ги залажеме граѓаните.

Госпоѓа Лилјана Ивановска зборуваше, има многу разлика меѓу двете приватизации, по транспарентност и по регулацијата што постои, она што нас не мачи сега во сферата на електронските комуникации, што сега се носи законот за регулирање на пазарот и неој што треба да биде играч тука на пазарот и не можеме да ја добиеме вистинската либерализација, визави мегаломанските идеи на Телекомот. И тогаш јас сум зборувал, ако се сеќавате на Законот, Законот предвидуваше приватизација во целост на неструктуирана компанија, со основање на регулаторна комисија од 1.01.2003 година. Се цитирам себе си “каде е логиката, регулаторната комисија да се формира на 1.01.2003 година, а за тоа време да се распише тендер за приватизација на ЕСМ.

Регулаторната комисија, како што е наведено и во предложените измени на Законот за енергетика има за задача да обезбеди услови за сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со енергија, со минимални трошоци. Предлага тарифни системи за одделни видови енергија, донесува одделни услови за снабдување со одделни видови енергија, издава, менува и одзема лиценци за вршење на дејности од областа на енергетиката. Затоа се поставува прашањето, како ќе се натера некој странски инвеститор да вложи во нашето ЕСМ и колку е спремен да плати, ако овие правила на игра се дефинираат на 1.01.2003 година.

Позитивните искуства од повеќе земји а и процедурите од наведените директиви, како втор природен чекор, го имаат преструктуирањето на електроенергетски сектор, со цел претпријатијата да се прилагодат за работа во услови на либерализиран пазар за енергија. Предложеното преструктуирање се однесува на издвојување на три независни целини: производство, пренос и дистрибуција.

Кога се зборува за независни целини, се зборува за финансиски независни целини, без можност за прелевање на средствата од една целина во друга, а тоа е строго пропишано со директивите на Европската комисија. СДСМ вака зборуваше на 6 октомври 2001 година, така зборува на 12 мај 2005 година.

Од друга страна, целината наречена пренос е природен монопол. Тоа се инфраструктурни објекти кои се во раце на државата, или независен систем - опертор, кои мора да обезбедат објективен, транспарентен и недискриминаторски пристап од страна на сите учесници во пазарот. Покрај тоа мора да се обезбеди висока доверливост на системот, со најниска можна цена. На овој начин самите купувачи ќе се определат од каде ќе купат енергија.

Препуштајќи ги сите три целини во приватен монопол, се насетува опасност за запирање на процесот на инвестиции, развој или пак отворање на нови ископи. Наместо тоа, единствениот сопственик на ЕСМ, без разлика дали е приватен или државен, од друга држава, ќе користи извори на енергија по најповолни услови за него. Увозот е една реална можност. На тој начин ќе се запрат инвестициите, или пак подготовките за отворање нови ископи на јаглен во РЕК Битола и слично”.

Сепак, колеги пратеници, дозволете од понудените членови да коментирам три моменти: можноста за продажба во целост, продажбата да се случи со непосредна спогодба, дефинирање на златна акција.

За продажбата во целина, елабориравме пред малку, никаде не постои пример за продажба во целина. Се извинувам, постои, но тоа е најлошиот пример за приватизација, а тоа е примерот со Електростопанство на Унгарија каде што тргнаа да го продаваат од еднаш, ја промашија цената, ја вратија назад, државата вложи нешто слично како во Чешка и потоа продолжи целиот тој процес.

За непосредната спогодба, не сакам да зборувам. Тоа се знае.

Денес, како и за секоја друга работа имаме апсолутна поинаква ситуација. Денес, заложбите за транспарентност, апсолутно се изразуваат и со потпишаниот меморандум помеѓу Влдата, преку министерот за економија и организацијата “Транспарентност интрнејшнл” и од Законот што го донесовме овде ние во Собранието, кој е предмет на овој референдум, тоа е законот за преобразва.

Електростопанство, некоку пати беше кажано, во 2000-та година се трансформира како акционерско друштво во државна сопственост и е регистрирано во трговскиот регистар на Република Македонија. За овој статус, важечките закони велат дека сите статусни промени се врзани со законот за трговски друштва и нема потреба за донесување на посебен закон за регистрирање и поделба на друштвото. Сепак, оваа влада се решила да работи транспарентно и преку јавна расправа што ја имавме на 7 април 2004 година, се реши да расправа, да објасни што значи реконструкција, што значи либерализација и каде е интересот на граѓаните.

Неколку пати се зборуваше за стратегијата. Јас реков, стратешките размислувања е едно од клучните разлики што ја прави разликата меѓу левоориентираните партии и десноориентираните парти.

Ние сме сведоци, сеуште, за жал, и ден денес, дека државата може да биде добар стопанисувач на некои гиганти. Не научивме од минатото што се случуваше. За жал, тоа денес сеуште го мислиме тоа не е лошо ако го мислиме, но тоа граѓаните треба да го знаат, кој се залага за пазарно стопанство, кој се залага за државен

интервенционизам. Патот кон успешна приватизација е само пат со стратегија. Македонија не е прва земја која оди со процесот на приватизација на националната електрокомпанија. Но, овој процес не треба да биде на прво место зошто праксата покажала катастрофални примери. Основна цел на приватизацијата треба да биде подобрување на квалитетот на услуги и квалитетот на снабдување на електрична енергија. Прашање, при процесот на приватизација, не е на кого се продава односно за која цел. Нормално битен е профитот, но основна разлика е во тоа што единствен пристап кој треба да го имаме во главата е кој е тој што ќе понуди стратегија, кој е тој што ќе понуди развојна компонента, а не да ги користи погодностите на теренот, онака како што го прави ОКТА или правеше, или како што уште ужива во погодностите на теренот, македонскиот телеком. Очигледно беше за сите, а последните извештаи тоа го покажуваат дека намерите на инвеститорот и во двете компании е да се искористи погодноста на пазарот кој требаше, тогаш кога имавме Електростопанство, а сега го донесовме законот, со формирањето на регулаторната комисија, да се штитиме со законска регулатива. Регулаторната комисија е еден услов и исполнување на обврските од директивите. И, нормално станува изборот на моделот на приватизација.

Земјите кои ги спомнувате, и Словенија и ЕДФ не можеме да направиме компаранција, ниту Словенија, ниту ЕДФ имале директор како Ламбе Арнаудов. Разбирате. Не можете да ги споредите. Нив не им паѓа на памет да постават такво решение, па сега вие да правите таква анализа кога во Словенија има услов за приватизација ниедна соседна земја да не учествува. Тоа е модел за приватизација што го одбрале. Продале дел од работите, го реконструирале ама си имале добри луѓе. Чешкиот директор на ЧЕС сега е доктор на науки, завршил во Америка ама донел профит на  Компанијата. Тоа е разликата. Такви цунами директори немале ни ЕДФ, ни ЕОН, ни Словенчкото електростопанство па сега да правите споредба. Затоа и тогаш реков во 2002 година, граѓаните треба тоа да го знаат и го знаат, затоа не гласаат за некој кандидат за градоначалник.

Во 2002 година се сакаше Електростопанство да се проддаде топтан во целост. Сега се врши преобразба, се преструктуира, се носи регулаторна рамка, се приватизира дел.  Во 2002 година целото Електростопанство ќе поминеше во приватни раце, овде се обидуваме она што не се направи со Телекомот, а што ќе беше многу полесно за да започне процесот на либерализација, а тоа е процедурата за пренос. Не можам да се согласам дека се исто е за Телекомот. Не, во дваесет и првиот век информацијата е клучен атрибут за живеење и така се оди напред, таму се инвестира и тоа е технолошки пропулзивна област. Електроенергетиката и некои основни работи се битни и од тоа се живее нормално, но информацијата е клучот за развој на една држава во поново време. Така дискутирајќи за не темата се спомнаа многу работи, па ни кажаа како ВМРО-ДПНЕ, во овој случај господинот Мавровски како го остави електростопанство. Еве ќе кажам како го остави.

На 31 јануари 2002 година бројот на вработени изнесуваше 9.472, од кои само во 2002 година се примени 979, а на 31 јануари 1998 година бројот на работници изнесуваше 7.945. Бидејќи некој имал коегзистентни ставови тогаш, двајцата потпароли на коалицијата за Македонија заедно на 9 септември на ПРЕС конференција ќе искажат: цитирам "деновиве досегашниот премиеро на Република Македонија Љубчо Георгиевски и досегашниот министер за финансии Никола Груевски се впуштија во огромно нерационално и незаконско трошење на буџетски средства и средствата од други јавни фондови во комбинација со енормнен број на нови партиски вработувања. Целта овие нелегитимни активности е да се потрошат до последен денар сите расположиви средства со што набргу би се создал таков недостиг на средства што би било доведено во прашање редовната исплата на платите во јавната администрација, здравството, судството, исплата на пензии и би се предизвикало пошироко незадоволство кај овие категории граѓани. Истовремено дополнително би се влошила стартната позиција за обновување на преговорите со ММФ и повлекување на средства за платно-билансната положба на Република Македонија од Донаторската конференција во Брисел", завршен цитат.

Иако можам да го разберам отфрлањето на нашите аргументи и апели да се потсетиме колку сигурна беше претходната власт и колку долго се надеваше да владее никако не можам да го разберам непочитувањето и кршењето на Законот. Тогашниот министер за финансаии господинот Никола Груевски денеска лидер на ВМРО-ДПМНЕ со решение број 18-19467/1 од 13 август му одговара на барањето број 044061/1 од 5 август на Ламбе Арнаудов, тогашен директор на Електростопанство и му одобрува 500 нови вработувања на почетокот од изборната кампања. Приказната тука не завршува.

Некаде во средина на кампањата очигледно фалеле луѓе. На 30 август господинот Ламбе Арнаудов бара од својот партиски колега нова согласност овој пат за 150 лица. Излегува дека обемот на работа во Електростпанство во месец август била како на " Нијагара". А дека непродуктивните вработувања не боделе очи само на целата јавност и на граѓаните се побунило и претседателството на Сојузот на синдикатите на Електростопанство на 26 септември 2002 година, кое расправало за тој проблем. Не е крив Сименс што не влегол 1999 година што ВМРО-ДПМНЕ ги изгуби изборите. Најмалку сите овие примери можеме да ги кажуваме до 101 и назад, тоа е проблемот.

Уште две работи. Едната работа е цената бидејќи господинот Мавровски ме спомна мене. Господине Мавровски таа формула ја има во

“Фокус” веројатно ако му верувате на “Фокус” што пишува. Ова е материјалот единствен релевантен документ-Правилник за начин и услови за регулирање на цените на електричната енергија. Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија. Овие ја кажуваат цената и тоа цената за пренос, производство и тие се само множени и собирани. Нема ни суми, нема ни формули, некои такви цртежчиња како што има во некои неделни весници, но мислев дека не им верувате на тие информации.

Крајната цена е збир на компонентите на цената за пренос, дистрибуција и производство, страници 14, 21 и 29. Значи има единствено плус,минус помножено и мислам дека тоа лесно ќе го пресметате. Крајната цел е збир на овие компоненти, а како ќе се формира цената постојат табели од 35-та страница до 56-та страница, тоа е преглед на оперативни резултати од работењето за базната година, тие им се даваат на операторите, тие овие табели ги пополнуваат и потоа се дефинира цената што ќе биде на пазарот. И вие во образложението викате цената е 1,3 милијарди. Не постои човек што може да ја процени цената. Цената зависи од многу фактори кога се продава, под кои услови ќе се продава, каква ќе биде политичката ситуација во земјата и каква ќе биде политичката ситуација во околината. Во науката тој ефект се вели ефект на пеперутка. Значи со мафтањето на крилото на пеперутката може да се сменат временските услови во тој регион. Не постои човек што ќе ви каже во овој момент дека тогаш и тогаш на 30 октомври 2005 или 2006 година цената на електростопанство ќе биде толку и толку. Мислам дека тоа никој не може да го гарантира.

Последниот дел се однесува, првата определба беше дали сте за приватизација или не, втората е дали сте за влегување во ЕУ или не. Не можеме декларативно да го зборуваме тоа и да шириме само популизам меѓу граѓаните. Тој популизам, да повторам по трет пат денеска, се покажа дека не носи резултати,

Патот кон ЕУ за нас дефиниран преку Европското партнерство. Знаат партиите да си присвојат нешто свое, па ние велиме апликацијата, а вие велите договорот за стабилизација и асоцијација. Врз база на Договорот за стабилизација и асоцијација, Советот на министри на ЕУ направи Европско партнерство со Република Македонија. Од тоа нема бегање. Тоа е нашиот пат како се оди кон ЕУ. Без разлика која Влада да дојде, без разлика која политичка партија да дојде тоа е патот за ЕУ. Некој ако сака да оди на друго место, или да не врати во социјалистичките фабрики тоа е друга работа, тоа граѓаните треба да го знаат, но за пазарно стопанство и патот кон Европа оди преку европското партнерство. Европското партнерство со својот акционен план ги дефинира приоритетите на Република Македонија кои што се прво политичките, економските критериуми за политичката, економската ситуација и почитувањето на европските стандарди, приоритетите кои се 36 во имплементацијата на Рамковниот договор за реформата на судскиот систем, борбата против корупцијата, остварување на мерки против организиран криминал и создавање поповолен екномски амбиент. Како последица на оценката на министрите, на Советот на министри на ЕУ тие доставиле свој извештај за тоа како прогресира Македонија кон Европа. Тие напишале: цитирам “првите чекори се постигнати со развојот на Регулаторната комисија за енергетика и изготвување на нацрт предлози за групирање на интегрираниот монопол”. Тоа е оценката на ЕУ.

Електростопанството на Македонија во поглед на неговата приватизација, интегрираниот монопол . Покрај ова беа исто така остварени и почетни чекори кон либерализација на енергетскиот Пазар во согласност со АКИ и со цел да се интегрира регионалниот пазар на електрична енергија во југоисточна Европа.

Планот предвидува правно разгрупирање на Електростопанството на Македонија и основање на три одделни ентитети-компанија за генерирање, компанија за трансмисија и компанија за дистрибуција.

Преструктуирањето трега да се изврши во текот на 2004 година. Сегашните планови се целосно во согласност со најновата директива на ЕУ за електрична енергија. Ама, тоа го викаат европјаните, опозицијата вели нешто друго. Граѓаните треба да оценат дали патот кон Европа оди кон мерки и кон закон кој што го донел ова парламентарно мнозинство, или патот Европа оди кон 2 милиони референдум организирање за кој што апсолутно нема никаков ефект и за тоа мислам дека господинот Глигориевски зборуваше.

Акциониот план за Европско партнерство вели дека во однос на приватизација и реструктуирање на ЕСМ целта треба да се постигне и да биде заедничка на Македонија и на земјите членки на ЕУ на најсоодветен начин во однос на Македонското законодавство да ја завршат приватизацијата и реструктуирањето. Исто така посочуваат да се почитуваат целите и приоритетите на одредени закони. Тука доаѓаме до она што е клучно, кое што беше често пати споменувано, а тоа е одговорите на прашалникот. Иако тие бројки неможев да ги најдам, но сакам да прашам нешто што го пишува во одговорите. Тоа е како вие доколку бевте воможност иако мислам дека ова е практично дело на реалната состојба на државата и заложбите на 98% граѓани на Република Македонија каде што се вели “ве молиме да доставите информации и ако е можно текстовите на договорите, спогодбите и конвенциите што се склучени со трети земји или меѓународни организации во областа на енергетиката. Тука ќе се наведе Атинскиот меморандум”. Од тоа нема бегање. Значи, некои работи кои што се правила, секојдневие во ЕУ не можат да бидат предмет на популизам во политичките пресметки помеѓу политичките партии во Собранието. На страница 25 зборува за либерализација, или прашањата се однесуваат на либерализацијата на пазарот на електричната енергија, страница 33 Атинскиот меморандум. Јас ќе поставам едно прашање до опозицијата, тоа е

на страница 46 точка 6-која е законодавната регулаторна рамка за конкуренција на енергетскиот сектор. Значи ова прашање можело да го одговара некоја друга Влада. Кои специфични барања бараат прилагодување на постојното законодовство? На кои енергетски потсектори се доделува државна помош, а во кои постојат трговски ограничувања и кои се тие ограничувања? Кои монополи, на пример рафинерија, монопол увоз-извоз се ексклузивни или специјални права за производство транспорт или дистрибуција постојат во енергетскиот сектор во ваша земја и какви се вашите планови за нив? Каква е правната ситуација за независните производители на енергија? И ако на ова одговараше господинот Спиро Мавровски како што рече во своето образложение ние како Македонија ќе речевме 10 години ќе ја билдаме компанијата па тогаш ќе ја приватизираме. Така во Европа тешко. Европа бара пазарно стопанство, Европа не бара популизам, Европа бара храбри потези, Европа бара политички партии чии пратеници зборувале 2001 и 2005 година и не ги менуваат своите ставови во интерес свој и рејтингот на партијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Макрадули.

За реплика прв е пријавен господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине Макрадули ,

Јас во мојата реплика согласно Деловникот ќе се задржам на три моменти за пазарната економија, ќе се задржам на Крл Маркс, кој што го спомнавте, ќе се задржам на земјоделската народна партија која што ја спомнавте.

Најнапред, според вас господине Макрадули вие живеете во деветнаесети век, јас живеам до дваесет и први век. Во деветнаесетиот век беше либералната ортодоксност. Пазарната економија според вас е хаос, фетиш, глупа либерална ортодоксност и пазарната економија во правна држава препознава плурална сопственост и еднаквост на сопственостите, државна, приватна, задружна и било која друга сопственост. Тоа е факт и од тоа вие не можете да избегате. Вие може да правите демагогија колку сакате и популизам дека директивата 9692 зборува само за приватна сопственост ама не е така. Прочитајте ја убаво. Директивата 9692, која што ја образложувше министерот Стевче Јакомовски при законот говори за преструктуирање господине Макрадули. Исклучиво за преструктуирање, а не за приватизација. Токму затоа што во електроенергетскиот сектор за разлика од Телекомот каде што е приватен капитал во најголем дел во Европа е државен капитал. Во Европа пазарната економија се ограничува со огромен број на мерки, политички, правни, економски по правниот политички и економски систем на ЕУ. Тоа е факт, неспорен факт. Колку вие и да го негирате, колку и да се борите да ја докажете вашата вистина, вистината не се докажува таа сама излегува на виделина. Нејзе ќе ја кажат граѓаните.

Околу Карл Маркс, како што сум го проучувал либерализмот на Фригман и конзервативност на Кејн јас не заборавам дека сум го учел и Карл Маркс и тоа не ми е хендикеп, туку привилегија затоа што го познавам учењето на Карл Маркс. Како да се приватизира и кога да се приватизира тоа не го кажува Земјоделската народна партија туку тоа го кажува стандардот на граѓаните. На ова ниво на економски стандарди не може Македонскиот граѓанин да плати економска цена. Тоа не е популизам, тоа е факт, најмалку заради тоа што СДСМ владее шест и сега две ипол, осум ипол години во Република Македонија и ги негира процесите во капиталистичкото општество најмногу заради токму владението од 1993-1998 година и од 2002 година досега на СДСМ а не некој друг.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ако ги користиме Платон и Фигел дека вистината е апсолутна, или некој друг филозоф, тогаш вистината е апсолутна за Ѓорчев јас не можам да го разубедам во една минута.

**Љупчо Јордановски:** Така е Деловникот и добро е што е така.

Повелете господине Мавровски три минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Макрадули вие си цитиравте цело време, но и се негиравте. Негирање на самиот себе затоа што пред малку кажавте никој не може да знае што и како и колку кошта Електростопанство на Македонија. 2002 година ние кажувавме еден од најбитните елементи при приватизацијата на Електростопанство на Македонија е одредување на номиналната вредност на Електростопанството што треба да биде задача на консултанската куќа најмена за таа цел. Основни задачи на консултанската куќа се следните:

Длабинска анализа на работите на Електростопанство каде што ќе се оцени состојбата на опрема, финансиската состојба, развојната програма. Предлог за реорганизација на Електростопанството која треба да ја реализира Република Македонија, избирање на моделот на приватизација, целосно или по делови, дали новиот сопственик на Електростопанство ќе биде една компанија или поеделни холдинг компании ќе се приватизираат под различни компании до проценка за вредноста на Електростопанство на Македонија, подготовка на тендерот за продажба на Електростопанство на Македонија, подготовка за критериуми за евоулација на понудите како економски и енергетски развој и еколошки, а тоа многу добро и систематично е објаснето во план пет насловено како точки за напредок од Договорот за услов на продажба.

Спорно е зошто во овој договор, што е 50-тина страници никаде не се наведува дека ние мора да го приватизираме Електростопанство на Македонија за 18 месеци и зошто ние треба да приватизираме 51%. Оваа дилема апсолутно не ја разрешивте. На истите прашања немате одговор, а ова го говоревте 2002 година. Поминаа три години одкако го говоревте, значи немате никакви одговори и останавте на истото. Тогаш бевте против сега сте за, но тоа е ваше право. За цената ве прашавме, кажувате страница 24, страница 34, граѓаните не можат да го бараат ова што го имате вие, или некој ви го дал и да пресмета колкава е цената. Вие треба тука одговорно да кажете колкаво ќе биде поскапувањето до 1 јули, до 1 август или ако се случи приватизација.

Друго, зошто не влегол Сименс. Нема да влезе никој, затоа што вие кажавте уште на почетокот дека 2003 , почетокот на 2004 година ќе имаме електрана која што ќе произведува 110 мегавати и која што господинот Панде Лазаров уште тогаш беше готова, но за жал нема ништо. Или тоа веќе го заборавивте. Овие 900 вработени, кои што ги спомнувавте, а 1068 ги избркавте од Електростопанство на Македонија во меѓувреме направивте договори на дело, значи тие беа примени по систематизација и сега јас одговорно ви тврдам дека во РЕК Битола многу стручни кадри фалат и кога ќе се случи хаварија, да не даде господ да биде така одговорноста ќе ја преземат тие што раководат  не вие господине Макрадули затоа што вие ги избркавте луѓето и вие немате никаква одговорност.

А, таму работат луѓе од фирми кои апсолутно немаат никаква одговорност. Тоа е вашето и би ве прашал што е со господата од Малезија и нивните 2 милијарди. Министерот тука ни објаснуваше дека Света Петка ќе биде завршена работа, но тоа заврши. Благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули, имате една минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Го читавте тоа што јас го зборував во 2001 година и што е вистинскиот пат што се направи. Се ангажираме за консултанстка компанија, се основа меѓуресорска експертска Комисија, се донесе модел и план за реконструкција на Електростопанство. Се донесе Закон за преобразба на Електростопанство. Преку независна компанија се одвои преносниот електроенергетски систем МЕПСО и т.н. Сите тие работи што тогаш ги кажував и дека се нормалниот тек на работи, се завршија, а вие пред своите сограѓани кажувате дека цената е мала, а само Козјак чини 180 милијони евра, ама тука кажувате дека ништо не е направено, а во Битола кажувате дека е направен некој Козјак што чини 180 милијони евра. Е, сега, граѓаните проценуваат и ценат.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Крстевски имате три минути реплика.

**Зоран Крстевски:** Мојата реплика се однесува на почитуваниот колега Макрадули во врска со Деловникот. Значи, моето укажување беше согласно Деловникот да дознам дали Владата има намера да присуствува на расправата, бидејќи се работи за комплициран и сложен закон, поготово што се предлага непосредно изјаснување на граѓаните за една работа како што е приватизацијата. И самиот Деловник, јас не се лутам на квалификацијата што ја дава господинот Макрадули, меѓутоа, претпоставувам дека електроинжињер со правник различно разговараат. Самиот Деловник превидел и во членот 79 дека Собраниеот може да се одлучи д аја прекине расправата и тоа по предлог на претседателот, што и го упатив прашањето на пратеничка група и т.н., кога се работи за решавање на одредени прашања за кои информација треба да добие од Владата.

Втората поента ми беше дека имаме една арогантна Влада, неспособна која бега од одговорноста да разговара за едно прашање. Прави една демагогија, потпишува со една невладина организација под контрола, за демек ќе била транспарентна во процесот на приватизацијата, го нема министерот овде со нас да разговара. Па, нека ни каже за минатата Влада, како сме почнале, зошто сме почнале околу прашањето на преструктуирањето и т.н. Значи, логиката на парламентаризмот е во условувањето на двете власти и на извршната и на законодавната власт. Затоа и Деловникот предвидел прво една ваква работа. Второ, предвидел комисиите да ги одложат расправите ако претставникот на Владата не учествува и во членот 147 предвидел дека претставникот на Владата може да учествува во работата кога предлагач не е Владата. Значи, логиката на парламентаризмот е во тоа да има овде дијалог, не на улица, туку овде во Парламентот. Тоа ми беше целта, а не да се меѓусебно прозиваме и етикитираме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Макрадули, иако имам коментар сега ќе го премолчам, па друг пат ако толку бидете деловнички упорни, тогаш ќе ве прашам и по Деловникот. Треба да бидете присутни на сите седници, а вашиот просек е пресметан 20% дека сте присутни на седниците.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Очигледно господинот Крстевски кога ќе каже дека постои разлика меѓу електроинжињер и правник за него тоа не е навреда, туку тоа е нормална работа. Кога некој ќе му укаже дека според Деловникот, изгледа почнал да го чита отпозади и од 147 ако тргнал однапред ќе сватил дека сите пратеници се еднакви во ова Собрание, без разлика на нивната професионална кариера, нивното знаење, незнаење, култура, пол, националност и т.н. Затоа, во Деловникот 87 на претседателот му се дава можност да го поттикне говорникот да говори само за прашања што се на дневен ред. Но, тоа не му одговара и затоа не го кажува. А, по членот 79 не му одговара да го дочита до крај, па затоа ширејќи популизам или некоја демагогија тука не кажува дека седницата може да се прекине на барање за отсуство на предлагачот, господинот

Мавровски е тука или пак нема прибавено мислење од Владата, а мислењето на Владата еве го имаме сите ние тука. Но, сега сакајќи да направиме некоја алиби ситуација за нешто што ниту сме спремни, ниту сакаме да дискутираме, бараме ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Прво, треба да знаете дека секаде има телевизори и ве гледаме кога сме во сала и надвор од сала и тоа е, еве погледајте го мнозинството колку е присутно, така што тој просек што го вадите не знам што ви значи. Тоа е едно.

Второ, мислам дека со режимот кој го воспоставувате и што барате алиби во Владата да не биде присутна, само и отежнувате на Владата, не и помагате, да знаете.

**Љупчо Јордановски:** Господине Крстевски, јас не сум надвор да знам дали вие гледате или не гледате телевизор и пренос на седници, а второ Владата ќе си одговара на избори, заради начинот на кој се однесува кон ваква ситуација. Тоа е толку едноставно, 2 и 2 се 4.

Повелете господине Флоровски имате збор, а потоа госпоѓа Весна Борозан.

Претходно господинот Краљевски бара реплика.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, јас само сакам да реплицирам во делот каде што колегата Јани Макрадули ги наброи авангардните цели на неговата партија, меѓу кои кажа дека влегувањето во НАТО, во Европска унија, пазарното стопанство и т.н. се цели кои за потсетување не се само на неговата партија, туку се тоа општо прифатени на национално ниво би рекол на сите политички структурии во Република Македонија цели. Додуше, можеби има некоја цел во која се разликуваме како припадници на други политички партии, а тоа деновиве е многу еклатантно, јасно, целта незнам дали ќе ја стави во авангардна или во ретроградна изградбата на споменикот на поранешниот претседател на СФРЈ Јосип Броз Тито, што претседателот на неговата партија ја прифати јавно на телевизија.

**Јани Макрадули:** Господине Краљевски претседател на Социјал демократскиот сојуз е господинот Владо Бучковски. Ве молам како координатор на една пратеничка група, веројатно тоа го знаете, ставот на СДСМ уште не е излезен и не е прокламиран во јавноста, така што апсолутно сте и надвор од репликата и алиби ви е репликата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи немате право на контра реплика, јас само ќе кажам, рече, претседателот на партијата ваша која ја прифати јавно таа иницијатива. Да бидеме еднакви према сите. Јас велам дека господинот Краљевски се изрази коректно. Знае кој е претседател на СДСМ. Но, да уштедам уште еден говор...

Повелете господине Флоровски имате збор, а потоа е госпоѓа Весна Борозан.

**Александар Флоровски:** Јани, седи да ме слушаш, ја напушташ седницата вака, треба да се има елементарна култура. Исто така, елементарна култура мора да се има да биде барем присутен некој од Владата, она што значи наше размислување и сугестии, едноставно да ги слушне. Иако, стенографските белешки може да ги прочита, но друго е во живо кога ќе слушне, што е тоа што ние сакаме да го пласираме и наше размислување за судбината на еден гигант како што е Електростопанство на Македонија.

Говоревме за транспарентност. Мојот личен став е следниот, дека доколку оваа Влада актуелна успее да го продаде Електростопанство по една цена која ќе одговара на потребите на државата, не сакам да карикирам дали тоа може да биде милијарда или милијардаипол евра, не ми е туѓо да прифатам и разговор во четири очи. Никогаш овде нема да спомнам дека е направен дил или дека некој има ставено провизија во џеб, ако успее тоа да го направи. Тоа за мене ќе биде способна и успешна Влада, доколку успее тоа да го нарпави. За жал, состојбата според мои видувања е сосема поинаква. Прво, зошто се приватизира ЕСМ? Не е профитабилен и ако не е профитабилен на што се должи тоа. Дали се должи на слабата наплата, кражба на електричната енергија, а досега низ разноразните прес конференции, кои многу често ги држеа во Електростопанство, никаде не слушнав дека постои таква работа, туку во една обратна насока дека наплатата е зголемена за 20, 30 па и 50% и дека она што значеше наше негативно работење во времето на таканречените цунами директори, како што ги нарече господинот Макрадули, за луѓе кои не се тука. За жал, тоа говори за неговиот однос и односот на луѓето. Никаде не слушнав дека Електростопанство лошо работи и лошо стопанисува. Тогаш се прашувам јавно, ако добро стопанисува зошто воопшто се продава. Тоа како дилема, како сопствено размислување, македонски едноставно прашувам зошто Електростопанство се продава кога никој од менаџерскиот тим, барем во овие два, три месеци ќе ги изземам, не се изјаснил за работењето на Елктростопанство на Македонија. Доколку постојат такви работи, се краде струја, наплатата е лоша, треба некој да има доблест да ни каже каде тоа се случува и во кој регион е. Едноставно, за наши лични сознанија, за да можеме овде полноважно да разговараме и да гласаме за или против предлогот на господинот Спиро Мавровски. Или, можеби се работи за неспособност на менаџерскиот тим, ако сите овие работи постојат и ако Електростопанство секојдневно паѓа се подлабоко и подлабоко тоне. Претпоставувам дека многу од експертите ќе станат кои се овде пратеници, но не очекувам нивни одговор, очекував некој од Владата да ми одговори, затоа што се само пратеници и не ја претставуваат Владата, иако имаат докторски титули и ќе ги прифатам нивните сугестии, доколку се искрени.

Втората работа која лично ме тангира мене, а верувам и целокупната македонска јавност, што ќе биде со судбината на тие 7 илјади вработеникои останаа во ЕСМ, тргајќи го МЕПСО

на страна, кој ќе ја врши дејноста на пренос и дистрибуција, што ќе биде со нивната судбина. Претпоставувам дека ако дојде газда и покрај напорите на Владата да ги заштити тие работници, верувам дека газдата што ќе дојде, било која компанија да дојде, нема да ги прифати таквите услови. Тука мора да бидеме начисто и најасно, затоа што човекот ако изброи 51% од вредноста на Електростопанство ќе играте по свирката која ја свири тој. Такви случаеви сме имале и ќе имаме. Но, притоа се плашам да не се направи една друга работа, да не се направи партиски дил, она што значи денешна позиција олицетворена во ликот на СДСМ, ЛДП и ДУИ, останат како кадри, она што значи денешна опозиција олицетворена во ликот на ВМРО, ЛП и ДПА се избркаат на улица. А, што е разликата, да ве прашам, меѓу електричарот, кој како провиниенција припаѓа на СДСМ или на ВМРО ако си ја врши стручно работата. Или оној што поставува подземни кабли, дали има разлика, дали тука ќе се гледаат партиските бои. Се се плашам дека ќе постои таква работа, за жал, една практика наследена од 1990 година, која мене лично воопшто не ми се допаѓа, дали вработените ќе бидат акционери. Ќе бидат тие што ќе останат, а претпоставувам дека тој газда нема да работи со 2 илјади вработени и дека првата работа ќе му биде рестрикција во самата фирма, а тоа значи преполовување на вработените од најмалку 50%. Тоа се мои лични видувања, можеби грешам, можеби некој ќе ме свати погрешно, но сметам дека работите од мојата повеќегодишна пракса и следењето на трендовите во државата околу самата приватизација, така и ќе одат работите.

И, конкретно следува едно логичко прашање. Значи, покрај тие 400 и кусур илјади невработени кои ги имаме на улица, има една маса на луѓе од 3500 души кои ќе бидат избркани заедно со нивните семејства и од социјална држава регулирана во Уставот, Македонија ќе стане социјален случај за кој ќе нема лек. Значи, секојдневно ќе имаме натрупување на нова работа сила која е на улица. А, штом е на улица, претпоставувајте дека социјалниот проблем многу лесно станува и политички проблем, кој може да ја дестабилизира државата. Тоа се факти и аргуметни, може некој да се сложи, може некој да не се сложи, но вистината е таа.

Овде се говореше за цената на Електростопанство на Македонија, говореа и луѓе кои директно доаѓаат од таму господинот Глигориевски, книговотствената вредност варира некаде од 600 милијони евра, што значи од клупа до хидроцентрала се е пресметано и таа е вистинската вредност, а во 2002 година, на пример, денешниот минситер за финансии вели дека Електростопанство тежи една милијарда и притоа го повикува минситерот Бесник Фетаи. Нема да навлегувам која е вистинската сума, пазарот ќе ја каже вистинската сума и вистинската вредност на Електростопанство. Ќе се породаваат хидроцентралите или не? Имаме една дисонантна појава во самата Влада под притисок, претпоставувам, на она што значат експертски групи и во државата и однадвор, еден ден прифаќаат мислење, еден ден не прифаќаат и мене воопшто не ми е јасно кој е вистинскиот став на Владата. Хидроцентралите дали ќе се продаваат или не се продаваат. Едно многу битно прашање, кое дирекно задира воопшто на државата, затоа што ќе се користат водените ресурси. Тој ќе биде газда и на водените ресурси. Кога ќе сака ќе ја пушта славината, кога сака ќе ја затвора. Значи, немаме едноставно кажано јасен став по ова прашање, Затоа и претходно спомнав дека, барем еден да најдеше за потребно да дојде овде, да не сослуша, не мораше да ги прифати сугестиите, да не сослуша и во некоја наредна фаза да одговори на сите овие работи. Како минситер, претпоставувам дека е стручен. Ние можеби сме “лаици”. Јас не сум стручен од оваа област, но има тука стручњаци кои ќе говорат и ќе се обидат да го одбранат ставот на Владата. Целата оваа работа ќе оди на јавен тендер, меѓународен јавен тендер ќе се распише, ќе се конкурира. Повторно се поставува едно многу битно прашање, а тоа е кој е минимумот под кој не смее да оди продажбата на Електростопанство. Ако е 600 милијони евра книговотствената вредност, карикирам точно никој не ја знае, тоа е наш пропуст општ како држава, дали 400 милиони евра или 350 милиони евра би задоволиле, која е цената под која ние не смееме да одиме. Или, некој спомна едно евро и повторно распишуваме нов тендер и никако да ја добиеме цената која сметаме дека е валидна и вредноста на ЕСМ е таа отприлика во тие рамки да се движи. Пак ќе повторам дека требаше некој да најде за потребно да дојде и да ми одговори на овие прашања. Која е цената под која не смееме да одиме. Ако не се лажам и потпретседателот во неговиот говор минатата недела ја спомна оваа работа и истото прашање го псотави. Која е цената под која не смееме да одиме. Не барам одговор од експертите кои овде седат како пратеници, барам одговор од членот на Владата задолжен за ова прашање.

За жал никој не најде за потребно и во минатото и сега, пратениците имаат еден беден третман, да не кажам никој не не есапи за ништо. Едноставно, сме најверојатно декор и сервис на сите влади што поминале досега.

Притоа, се спомнаа многу пати овде Телеком, направен дил ваков, бутнале во џеб толку проценти итн, итн, заборавајќи притоа дека Телеком извади една добра цена од 705 милиони марки, денешна вредност 350 милиони евра во предвечерието на војната, а тоа странците го знаеја и дека тој ист Телеком не е веќе монопол. Постои уште една куќа тоа е Космо-т, па ќе има уште една што ќе врши такви услуги, но паралелен систем на Електростопанство не може никој да изгради. Значи, тој кој ќе го купи, тој ќе стопанисува со него, а и со нас, кревајќи ја или спуштајќи ја цената колку што тој ќе процени. Затоа што платил.

Говориме за Европа. Европа од нас бара ова, Европа од нас бара тоа, а се оглушуваме од препораките на Светска банка, на ММФ, на разно-

разни европски или белосветски институции, а има и такви, да не се брза со приватизацијата. Ако веќе сме послушници, дајте да ги послушаме или да ги прашаме зошто да не брзаме со приватизацијата. Тоа не можеме ние да го направиме. Тоа може Владата да го направи. Можеби и ги прашале, добиле одговор, но одговорот го немаме ние. Не знаеме што се случува. Значи, ние едноставно ловиме во матно. Отприлика претпоставуваме, а претпоставките се секогаш лоша работа при немање на валидни информации.

Светската банка и ММФ велат - господо, немојте да брзате со продажбата на Електростопанство на Македонија. Што толку се запнало, мене не ми е јасно? Дали утре ќе пропадне цел систем, дали ќе го снема ќумурот од Суводол, или ќе ги снема водите, ќе настане општа катаклизма во Македонија или ќе настане некоја светска катаклизма, не дај Боже? Но, впечатокот дека работите се туркаат некако на сила, не ми се допаѓаат.

Нема да кажам дека некој има задни намери. Можам само да претпоставувам. Не сакам ниту да претпоставувам, затоа што не сум видел. А муабетите, секогаш ќе се вртат. Ќе слушате муабети колку сакате.

Има едно тело што се вика Регулаторна комисија составено од стручни луѓе, претпоставувам. Не ги знам кои се. Не можам полноважно да говорам за нив, колку се компетентни или не, но постои како тело. Верувам дека тие се стручни луѓе, дека можат да одговорат на предизвикот што е пред нив. Но, колку таа Регулаторна комисија, господа, ќе има моќ да се спротивстави на идниот газда, еве, да речеме Сименс. Колку што можевме ние да се спротивставиме на некои невалидни одлуки на Телеком. Верувајте, така ќе биде.

Има една македонска изрека, вели “Сила Бога не моли” и да го запишете, ќе најде дупка да ги избегне сите оние работи што за него ќе значат обврска. За жал, состојбите се такви. Можеби во сите бивши источноевропски држави се случуваат вакви работи. Но, сега говориме за еден конкретен македонски случај. Случајот наречен Електростопанство на Македонија, ако може така да се нарече. И, во една ваква ситуација човек е многу тешко да се одлучи како да постапи. Јас воопшто не се сомневам дека мнозинството ќе гласа против дека сета оваа наша иницијатива ќе падне во вода. И, воопшто не се лутам на таа работа.

Па, доаѓаат и одморите, здравје Боже, тешко ќе бидат да се соберат тие 150 илјади потписи. Прашање е колку има желба народот веќе да излегува на референдуми, но тоа е патот. Немаме ние друг пат кој што можеме да го изодиме. Затоа што немаме кооперативна влада, затоа што како опозиција сме тргнати и фрлени на маргините.

А и кога бевме како пратеници, како позиција, баш не поминувавме добро. Тоа мора да го признаам. Некои лично го почувствувале. Можеби ќе имате можност и некој од вас тоа лично да го почувствува.

(Дофрлање од место)

Животот е тркало, еднаш си горе, еднаш си доле и тоа мора да се прифати како такво. Тука нема лутење.

(Дофрлање од место)

Од позиција од која што јас сакам да бидам. А, тоа нека остане тајна.

Значи, референдумот како највисок акт на кој можат граѓаните да одлучуваат, за мене во овој момент сметам дека е најприфатлива работа. Колку во тоа ние ќе успееме, не би можел однапред да тврдам. Напорите ги правиме. Зборуваме овде. Можеби сето ова некому личи на разговор со глуви. Можеби и на нас некогаш во минатото ни личеше на таква работа, но добро е некогаш човек да падне доле за да сфати каде се наоѓа.

Значи, кога говорам за граѓаните, за референдумот, тој е од многу витално значење од едноставна причина. Цената ќе ја диктира газдата. Цената ќе задира во џебовите на македонските даночници. Сега киловат час било 2,5 денари, дали е точно или не не земајте здраво за готово, многу не сум се распрашувал и немам некој многу посебен афинитет кон оваа работа за ова што денеска го зборувам.

Значи, задирањето директно во џебот, при една ваква ситуација, во ситуација кога голем дел од народот бурičка по кантите, без разлика на која националност припаѓа, плус едно вакво оптоварување што ќе дојде, кошничката за месец дена ќе се преполови. Она што значи дека треба да однесете нешто дома на сопствените деца. Тоа се факти од кои што не можеме да бегаме.

Штом народецот наш го удрите по џеб, тој ќе реагира. Ќе реагираме и ние, нели, како претставници на народот, избрани од граѓаните, од македонскиот народ. Можеби и некој друг гласал, некој залутан, но претпоставувам дека гласал македонскиот народ, барем за мене.

Во овој контекст, следствено, ако во некои европски држави за многу побанални работи се распишуваат референдуми, пример, ќе гради трамвајска пруга на релација, што јас знам, Автокоманда - Хиподром, должина 4 км, се распишува референдун. И, граѓаните најкултурно излегуваат, гласаат за или против, се прифаќа или не се прифаќа. Ова е битна, круцијална работа.

Електростопанство на Македонија е држава во држава. Електростопанство на Македонија, во најдобрите времиња, претпоставувам, сега правеше обрт некаде околу 500 милиони марки, ако не се лажам, и одеднаш туку така да се продаде, се надевам не во бесцење, туку се надевам ќе добие солидна цена, што сепак зависи од умешноста на Владата, како сета работа ќе ја прикаже и како добро ќе ја исфасадираат сета работа. Се продава опаковката, а внатре можеби не е битно што и како е, значи мојата сугестија до Владата е сета оваа работа добро да ја спакува, да е лична за да можеме да постигнеме квалитетна цена.

А, не треба да постои страв од референдумот. Нека се слушне гласот на народот, гласот на граѓаните. Тие нека одлучуваат за сопствената судбина. Го немам тоа право да кревам рака за или против, да го притиснам копчето за или против за една ваква битна работа.

Што со парите од Електростопанство на Македонија? 500 - 600 - 700 милиони евра, милијарда, дај Боже да се и два милиони евра. Ќе се покриваат ли финансиските дупки што постојат? Ќе се покриваат државните резерви што се баајги начнати и не знам веќе, она што ние го оставивме одамна беше 890 - 900 милиони евра, бројката е смалена за околу 200 милиони евра, ако не се лажам. Можеби грешам, па прифаќам некој да ме исправи. Можеби грешам. Но, отприлика тука се движат работите.

Ќе се вложат во нови инвестиции, во нови работни места. Зошто ова го говорам? Затоа што кога бевме на власт, ваквите прашања ни ги поставуваше Социјал демократскиот сојуз. Сосема беа во ред и коректни да се прашаат и да се постават. И тука нема лутење.

Елем, имаме на ум да изградиме атомска централа некаде во Криволак со тие пари, за да се обезбедиме за еден подолг временски период да утре некој не не уценува. Новиот газда што ќе дојде. Но, мора да водиме сметка да не ни се случи Чернобил, па Македонија да стане еколошка држава без луѓе и без флора и фауна.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски само да ве предупредам има уште три минути.

**Александар Флоровски:** Ве следам, го следам времето цело време, ќе завршам точно во 18,00 часот.

Значи, исто така како прашање го постави, каде ќе одат парите од Електростопанство на Македонија?

Една работа што провеја низ македонските медиуми, колку е таа точна, колку е потврдена, колку е валидна, не би можел да кажам, а не сакам да се служам со претпоставки. Дека “во случај на продажба на Електростопанство на Македонија дека менаџерскиот тим си се обезбедил”. Јас говорам за она што медиумите го кажуваа и говорам за она што се слуша како одек како глас на народот. Вокс попули. Дали постои таква работа, не знам и не можам да верувам додека лично не видам.

Тука сум веќе при крај. Останаа уште, претпоставувам, минута и пол. Сите овие прашања и констатации ги поставив од едноставна причини, очекувајќи дека по четврти или петти пат говорам дека некој ќе најде за сходно да стане и одговори, претставник на Владата. Но, министрите имаат поважни работи, имаат деловни ручеци, имаат средби, битни за државата. Можеби во моментов и разговараат за судбината на Електростопанство на Македонија. Но ако, нам не мора да ни одговорат, но да одговорат на јавноста, на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Завршуваме тука за денеска.

Утре продолжуваме повторно во 14,00 часот, затоа што има комисии претходно.

Се гледаме утре во 14,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,58 часот).